Република Северна Македонија
Министерство за
локална самоуправа

# АКЦИСКИ ПЛАН

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021-2026, ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2023

2021-2023

# АКЦИСКИ ПЛАН

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021-2026, ЗА ПЕРИОДОТ

## 2021-2023

# I

# ВОВЕД

Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 е политика на Владата на Република Северна Македонија која на партиципативен начин ја подготвува и предлага Министерството за локална самоуправа и со која на среден рок се определуваат целите и приоритетите за развој на локалната самоуправа и спроведувањето на процесот на децентрализација.

Предвидено е Програмата да се операционализира низ спроведување на два акциски плана за периодите 2021-2023 и 2024-2026 година.

Земајќи предвид дека процесот на децентрализација е мултисекторски, спроведувањето на акциските планови на Програмата наложува потреба од вклучување на сите министерства, агенции и фондовикои се непосредно инволвирани во процесот на децентрализација и остваруваат директно влијание врз локалниот развој како и на единиците на локалната самоуправа и други засегнати страни а особено граѓанскиот сектор во нивното спроведување.

Акциските планови претставуваат оперативна рамка за постигнување на генералната и специфичните цели, приоритетите и мерките на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026

# II

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА

Акцискиот план 2021-2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 е подготвен согласно со претходно усвоена Методологија од страна на Министерството за локална самоуправа и Координативното тело за мониторинг на спроведувањето на претходната Програма и поврзаните акциски планови.

Акцискиот план е заснован на реализирани тематски истражувања, мапирани клучни секторски политики и друга релевантна документација како основа за програмирање на апликативни активности и спроведен сеопфатен процес на консултации со сите засегнати страни низ работилници и конференции.Поконкретно, во функција на подготовка на Програмата со првиот Акциски план за периодот 2021-2023 година, беа подготвени вкупно 15 извештаи од тематски и интегрален карактер, и беа одржани 5 конференции и 10 работилници со учество на претставници на сите засегнати страни.

Акцискиот план 2021-2023 е усогласен со сите релевантни национални стратешки документи и оперативната рамка за интеграција со ЕУ како и со рамката за соработка со агенциите и телата на ООН за остварување на глобалните цели на одржливиот развој.

# III

# ОДРЕДНИЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Координацијата на спроведувањето на Програмата и акциските планови ќе ја врши Координативно тело на сите носители на активности и проекти кои се наведени во Акцискиот план, врз основа на Одлука на Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за локална самоуправа.Министерството за локална самоуправа ќе претседава со Координативното тело и ќе дава организациска, логистичка и друг тип на техничка поддршка согласно потребите за ефективна и ефикасна координација. Начинот на функционирање на Координативното тело ќе биде утврден со Деловник за работа со кој ќе се уреди динамиката на одржување на седници и начинот на инволвирање на сите засегнати страни.Примарна обврска на ова Координативно тело е да обезбедува навремени и сеопфатни информации за реализација на активностите од Акцискиот план а врз основа на кои Министерството за локална самоуправа ќе подготвува годишни извештаи за спроведување на Програмата и Акцискиот план и истите ќе ги доставува до Владата на разгледување и усвојување. Координативното тело ќе биде инволвирано во организирање на консултативни настани: тематски работилници и конференции, согласно потребите за вршење мониторинг, периодична евалуација и известување по однос на резултатите од спроведувањето на Програмата и акциските планови.

Со цел да се овозможи методично и редовно известување за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 и три-годишните акциски планови, Министерството за локална самоуправа ќе активира наменска електронска алатка и ќе сподели Кориснички Прирачник со сите носители на активности и проекти кои се наведени во Акцискиот план. Оваа електронска платформа врз основа на пополнети податоци има функционалност да генерира извештаи за статусот на спроведување на Акцискиот план на Програмата.

Акцискиот план 2021-2023 е структурно поделен во два дела:

- **Дел 1:** Матрица со компоненти на Програмата, подредени приоритети за секоја од четирите компоненти на Програмата, подредени мерки за секој приоритет, активности за операционализација на секоја од мерките, посочен носител (и) на спроведувањето на активностите, временска рамка за спроведување на активностите, индикатор на постоечка состојба и индикатор на очекуван резултат од спроведувањето на активностите;

- **Дел 2:** Матрица со компоненти од Програмата, подредени приоритети за секоја од четирите компоненти на Програмата, подредени мерки за секој приоритет, извор (и) на финансирање со буџет во чии рамки се издвојуваат срсдства за спроведување на мерките и поврзаните активности.

Структурата на Акцискиот план е компатибилна со структурното решение на електронската алатка. Известувањето ќе се врши преку внес на податоци и информации за:

- Статус на активноста (овозможен е избор: а) Реализирана активност, б) Активноста е во тек и в) Активноста не е започната);

- Индикатор на постигнат резултат(се внесува податок во моментот на известување поврзан со индикаторот на очекуван резултат);

- Реализирани финансиски средства(се внесува податок за реализирани средства за спроведување на секоја активност до моментот на известување);

- Краток наративен опис на резултатите(се опишува накратко резултатот од спроведувањето на активноста во моментот на известување а кај активностите кои не се започнати се наведуваат причините како и информација кога би започнало спроведувањето на активноста);

- Управување со ризици(внесувањето на податоците е опционално и се внесуваат предлог мерки за адресирање на ризици поврзани со спроведувањето на активноста).

# МАТРИЦА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН 2021-2023 НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021 – 2026

# ДЕЛ 1

## АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИТЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ

| **Компонента 1: НОРМАТИВНА РАМКА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.1: Подобрување на нормативната рамка и други функционални аспекти на системот на локална самоуправа** | | | | |
| **Мерка 1.1.1 Подобрување на законската рамка во насока на подоследна примена на начелото на супсидијарност и обезбедување поголема самостојност на единиците на локалната самоуправа во спроведување на пренесените надлежности.** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.1.1.1 Партиципативна подготовка и донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа врз основа на направената оценка за негово спроведување[1]. | МЛС во соработка со МФ, ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2022 | Завршена е оценката за спроведување на Законот за локална самоуправа во декември, 2020 година. | Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа. |
| 1.1.1.2 Партиципативна подготовка и донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за градот Скопје врз основа на направената оценка за негово спроведување[2]. | МЛС во соработка со МФ, општините во градот Скопје, градот Скопје и ЗГ | 2021-2022 | Завршена е е оценката за спроведување на Законот за градот Скопје на почетокот на февруари, 2021 година. | Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за градот Скопје. |
| 1.1.1.3.Партиципативна подготовка и донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за Државнот инспекторат за локална самоуправа врз основа на направената оценка за негово спроведување. | МЛС во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2022 | Во тек е оценка на спроведувањето на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа од страна на УНДП | Направена е оценка на спроведувањето на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа и донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа |
| 1.1.1.4 Оценка на спроведувањето на Законот за меѓуопштинска соработка и партиципативна подготовка на Закон за изменување и дополнување на Законот за меѓуопштинска соработка согласно со препораките од оценката[3]. | МЛС во соработка со ЕЛС, ЗЕЛСи ЗГ | 2022-2023 | Последната оценка за спроведување на Законот за меѓуопштинска соработка е направена во март, 2015 година. | Направена е Оценка на спроведувањето на Законот за меѓуопштинска соработка и подготвен е Закон за изменување и дополнување на Законот за меѓуопштинска соработка. |
| **Мерка 1.1.2: Подобрување на сите аспекти на доброто локално владеење со фокус на унапредување на локалната транспарентност, пристапот до информации, инклузивноста и отчетноста** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.1.2.1 Мапирање и континуирано подобрување[4] на функционалноста и капацитетите на сите партиципативни тела (КОМЗ, КЕМ, Совети на потрошувачи и др.) во ЕЛСи поддршка за нивно вмрежување. | МЛС во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2023 | Бројот на воспоставени партиципативни тела во ЕЛС ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Бројот на воспоставени функционалнипартиципативни тела е зголемен за минимум 10%. Минимум 30% од ЕЛС буџетираат активности предложени од партиципативните тела |

1 Цел на активноста е да се подобрат одредбите поврзани со: примената на начелото на супсидијарност и споделувањето надлежности со централната власт; премин од модел на монотипни во политипни општини со делокруг на надлежности прилагоден на нивните карактеристики; унапредување на транспарентноста, инклузивноста (функционирањето на партиципативните тела и алатки) и отчетноста; функционирањето на месните и урбани заедници, доуредување на надлежностите поврзани со вршење надзор од страна на ЕЛС и над законитоста на работата на органите на ЕЛС; унапредување на функционирањето на советите на ЕЛС, усогласување со Законот за еднакви можности на жените и мажите и со сите секторски закони со кои се уредуваат пренесените надлежности, и други препораки опфатени со оценката на спроведувањето на законот.

2 Цел на активноста е да се подобрат одредбите поврзани со: усогласување со изменетиот и дополнет ЗЛС (листа на надлежности, поделба на надлежностите на општините и градот Скопје) воспоставување меѓуопштинска соработка; проширување и унапредување на комуникацијата и координацијата опфаќајќи ги партиципативните тела и јавните служби; унапредена транспарентност, инклузивност и отчетност; поефикасно организирање на даночната администрација; распределбата на сопствените приходи; целосно усогласување со Законот за финансирање на ЕЛС, други секторски закони, и други препораки опфатени со оценката на спроведувањето на законот.

3 Цел на активноста е да се направи анализа на одредбите на законот со фокус на стимулирањето на МОС преку утврдување соодветни начини и средства за стимулирање на меѓуопштинската соработка, воведување облици на задолжителна МОС за ЕЛС кои не спроведуваат пренесени надлежности но и за надлежности чие спроведување налага воспоставување на соодветен облик на МОС како на пример: управување со ризици од поплави; управување со води и отпад; управување со заштитени подрачја; внатрешна ревизија; енергетска ефикасност; овластени инспектори. Спроведените консултации укажаа на потребата од поедноставување на процедурата за воспоставување на МОС.

4 Воочена е потреба од нормативно доуредување, систематско и континуирано финансирање на активностите и реализирање обуки со цел да се зајкнат партиципативните тела во ЕЛС.

| Активности | Носител (и) | Временска рамка | Индикатор на постоечка состојба | Индикатор на очекуван резултат |
|---|---|---|---|---|
| 1.1.2.2. Поддршка на ЕЛС за подобрување на активната транспарентност, согласно чл.10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, преку воедначување на ВЕБ страниците како основно средство за информирање на граѓаните за работата на органите на општината и за услугите што ги обезбедува, спроведување на обуки за запознавање со одедбите од Законот и поддршка од страна на општините за прибирање на податоци и доставување на годишни ивештаи од страна на општинските установи. | МЛС во соработка со МИОА, Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2023 | Не постои воедначен пристап во објавувањето на информациите од страна на ЕЛС согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Најмалку 50% од општините ги објавуваат информациите на своите ВЕБ страници на воедначен начин, согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Испорачани обуки во минимум 10 ЕЛС. |
| 1.1.2.3 Подршка на ЕЛС за подобрување на постојните и воспоставување на нови механизми за унапредена инклузивност, вклученост на граѓаните во работата на локалните власти и консултација, со користење и на е-алатки и други механизми. | МЛС во соработка со МИОА, ГС – Одделение за соработка со невладин сектор, ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2023 | Бројот на одржани референдуми, граѓански иницијативи, собири на граѓани, е-алатки, минимум функционалности на веб страниците и поврзани акти на ЕЛС ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Унапредени алатки и механизми за инклузивност и транспарентност во минимум 30% од ЕЛС |
| 1.1.2.4 Воспоставување на воедначени минимум стандарди за консултација, заради одговорно одлучување врз основа на добиени повратни информации од граѓаните. | МЛС во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС и ГО | 2021-2023 | Со исклучок на Форумите во заедниците, не постојат унифицирани процедури за спроведување на процес на консултација со конкретни чекори и рокови | Подготвени се насоки (процедура или подзаконски акт) за спроведување на консултативен процес.<br><br>30% од општините ги ги вградиле насоките во своите документи и имаат создадено административно-технички услови за нивно спроведување. |
| 1.1.2.5Воспоставување ефикасни и ефективни механизми за транспарентна соработка и финансиска подршка на здруженија на граѓани[5]. | МЛС во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | 5 ЕЛС имаат подготовено внатрешни процедури за соработка и финансиска поддршка на ЗГ со грант шема. Вкупниот број на ЕЛС кои издвојуваат средства за поддршка на ЗГ ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Најмалку 30% од ЕЛС имаат воспоставено институционален механизам( процедура) за транспарентна буџетска поддршка на ГО |
| 1.1.2.6 Спроведување редовни годишни анкети за мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги. | МЛС | 2021-2023 | Резултати од последната спроведена анкета, со поддршка на УНДП | Зголемено задоволство на граѓаните |
| 1.1.2.7Подршка на општините за создавање на услови за доследна употреба на македонскиот јазик, на службените и другите јазици во општините согласно закон (вклучувајќи алоцирање доволно финансиски средства за спроведување на локалните јазични политики за немнозинските заедници и испорака на обуки за преведувачи и лектори). | МЛС во соработка со МК, МПСОЗ, АПЈ, ЕЛС, ЗЕЛС и други надлежни институции | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС кои финансираат и спроведуваат локални јазични политики ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Унапредено спроведување на јазичните политики во сите ЕЛС кои подлежат на со закон утврдени обврски и испорака на обуки за преведувачи и лектори. |

5 Низ процесот на консултации како приоритет за континуирана и систематска соработка со здруженијата на граѓани беше издвоено заедничкото спроведување на кампањи на теми кои се особено релевантни во моментов и тоа: родова еднаквост и спречување родово засновано насилство; етничка и религиска толеранција; недискриминација на лица со посебни потреби и стари и изнемоштени лица; недискриминација на лица по однос на сексуална ориентација и заштита на животната средина и природата.

| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
|---|---|---|---|---|
| 1.1.2.8Поддршка на општините за подобрување на функционалноста на Комисиите за односи меѓу заедниците (КОМЗ) и нивна трансформација во ефикасен и ефективен локален механизам[6] за подобрување на односите меѓу заедниците и превенција и управување со конфликти, врз основа на подготвена анализа на правната рамка со препораки.. | МЛС во соработка со МПСОЗ, КОМЗ, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Бројот на одржани седници на КОМЗ по ЕЛС во 2020 година и бројот на ЕЛС кои буџетираат активности на КОМЗ ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Подготвена е анализа на правната рамка со препораки. Зголемен е бројот на одржани седници на КОМЗ за 15% и зголемен е бројот на ЕЛС кои буџетираат активности на КОМЗ за 50% |
| **Мерка 1.1.3: Доуредување на целокупниот систем и надлежностите поврзани со вршење инспекциски надзор но и надзор над законитоста на работата на органите на општините** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.1.3.1 Дизајнирање на модел за подобри и посилни инспекциски служби на ЕЛС со зголемени човечки ресурси и овластувања заради соодветно справување со предизвиците[7]како и зајакнат надзор врз законитоста на работата на органите на општините. | МЛС во соработка со ЕЛС, ЗЕЛСи ЗГ | 2021-2022 | Бројот на ЕЛС со воспоставени инспекциски служби по области од локална надлежност и бројот на инспектори ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Унапреден е инспекцискиот надзор во минимум 20% од ЕЛС (зголемен број на инспектори, реализирани увиди и контроли, поголем број на области на надзор спроведени обуки и сл).<br>Зајакнат е надзорот врз законитоста на работата на органите на општините. |
| **Мерка 1.1.4: Унапредување на функционирањето на органите (градоначалник и совет) на единиците на локалната самоуправа** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.1.4.1 Зголемување на ефективноста на работата на комисиите и други работни тела создадени на предлог на градоначалниците и на комисиите при советите на ЕЛС,како и зајакнато учество на општинската администрација во подготовката на седници на советите на ЕЛС и на сите комисии и работни тела. | МЛС во соработка со ЕЛС и ЗГ | 2021-2023 | Бројот на комисии и други работни тела во ЕЛС како и степенот на родова еднаквост ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Зголемен е бројот на комисии и други работни тела во ЕЛС за минимум 10%.<br>Зголемување на бројот на одржани седници за минимум 10%. |
| 1.1.4.2 Проценка на потребите за стекнување со знаења и вештини, подготовка и испорака на континуирани обуки за градоначалниците, општинската администрација и советниците и дигитализација на внатрешите работни процеси (Е-градоначалник, Е-општинска администрација и Е-совети на ЕЛС). | МЛС во соработка со МИОА,ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС во кои се реализирани обуки и во кои се применети дигитални алатки за водење на работни процеси ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Зголемен број на испорачани обуки и корисници на обуките за минимум 20%.<br>Спроведени се активности за дигитализација на внатрешните работни процеси и комуникацијата во минимум 30 ЕЛС. |
| **Мерка 1.1.5:Создавање на услови за доследна примена на принципот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.1.5.1 Мапирање на одредби од сите закони со кои се утврдува делокругот на надлежност на ЕЛС со цел да се унапреди обезбедувањето еднакви можности на жените и мажите, подготовка и спроведување на Акциски план за нивно изменување и дополнување. | МЛС и МТСП во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Не е направено мапирање на одредбите и нема поврзан Акциски план. | Мапирани се законите и одредбите, подготвен е и се спроведува Акциски план за унапредување на нормативните решенија со цел да се зголеми родовата еднаквост во ЕЛС. |
| 1.1.5.2 Јакнење на општинските Комисии за еднакви можности (КЕМ) и нивна трансформација во ефикасен и ефективен локален механизам[8] за обезбедување на висок степен на родова еднаквост во општините. | МЛС и МТСП во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Бројот на одржани седници на КЕМ во ЕЛС во 2020 година ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС | Зголемен е бројот на одржани седници на КЕМ за 20%. |

6 Воочена е потреба од доуредување на статусот на овие КОМЗ во статутите на сите ЕЛС кои имаат законска обврска да ги оформат и доследно да се врши буџетирање на активности предложени од КОМЗ како и редовна исплата на надоместоци за превоз и учество на седници.

7 Процесот на консултации резултираше со издвојување на следните области каде е неопходно да се зајакне инспекцискиот надзор од сттрана на општините: комуналните работи; градежништвото; заштитата на животната средина и здравјето на граѓаните и регулирање на сообраќајот.

8 Воочена е потреба од доуредување на статусот на КЕМ во статутите на ЕЛС.

| **Мерка 1.1.6: Стимулирање и унапредување на меѓуопштинска соработка** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.1.6.1 Финансиска и техничка поддршка за поттикнување на меѓуопштинска соработка (МОС) во адресирање предизвици од заеднички интерес на соседни ЕЛС или во рамки на планскиот регион на кој му припаѓаат и јакнење на капацитетите на ЕЛС за доследна и ефикасна примена на одредбите од Законот за меѓуопштинска соработка. | МЛС и МФ во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Не е воспоставена програма за стимулирање на МОС и програма за испорака на обуки. | Воспоставена е програма во рамки на буџетот на МЛС за систематска финансиска и техничка поддршка на ЕЛС за воспоставување облици на МОС.<br>Минимум 20 ЕЛС добиле финансиска и техничка поддршка и поминале низ обуки за воспоставување на облици на МОС. |
| **Мерка 1.1.7:Подобрување на локалните административни услуги преку дигитализација, проследено со изградба на соодветни капацитети и стандарди** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.1.7.1 Подобрување на организациските аспекти и управувањето со човечките ресурси во ЕЛС преку воспоставување на соодветни стандарди[9]. | МЛС во соработка со МИОА, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Не се воспоставени поблиски стандарди поврзани со бројот на вработени согласно со бројот на население и други особености на општините како и поблиски стандарди за организирање на различни типови на ЕЛС. | Воспоставени се стандарди поврзани со бројот на вработени согласно со бројот на население и други особености на општините како и поблиски стандарди за внатрешно организирање на различни типови на ЕЛС |
| 1.1.7.2 Подготовка и спроведување на програма за воспоставување на едношалтерски системи (ЕШС) и изградба на капацитети за ефикасно работење по нивното воспоставување[10]. | МЛС во соработка со МИОА, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | 17 ЕЛС имаат воспоставено ЕШС (2019) | Минимум десет дополнителни ЕЛС воспоставиле ЕШС. |
| 1.1.7.3 Мапирање на услугите кои се во надлежност на општините и нивно инкорпорирање во Каталогот на услуги што ги обезбедува јавниот сектор (интегрално за двете нивои на власт). | МЛС во соработка со МИОА, ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2023 | Воспоставен е Каталог на услуги што ги обезбедува јавниот сектор но не се инкорпорирани локалните услуги. | Воспоставен е Каталог на услуги што ги обезбедува јавниот сектор со вклучени локални услуги. |
| 1.1.7.4 Зајакнување на капацитети на ЕЛС за испорака на е-услуги и пренасочување на општината во една точка за услуги и контакт со граѓанитени, зајакната интероперабилност на хоризонтално и вертикално ниво. | МЛС во соработка со МИОА, ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2023 | Воспоставен е Централниот регистер и ЕШС кој опфаќа само државни институции. | Испорачани се обуки, подготвени се акти и утврдени се процедури за интероперабилност во три пилот ЕЛС за нивна трансформација во единствени точки за контакт со граѓаните. |
| 1.1.7.5 Подготовка на Студија за општински е-услуги со акциски план за нивно воспоставување (дигитализација). | МЛС во соработка со МИОА,ЕЛС,ЗЕЛС и ЗГ | 2021 - 2022 | Последната Студија е подготвена во март, 2015 година без акциски план. | Подготвена е нова Студија за општински е-услуги со акциски план. |
| 1.1.7.6 Операционализација на Акцискиот план за воспоставување на општински е-услуги[11]. | МЛС во соработка со МИОА, ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2022-2023 | Бројот на општински е-услуги ќе биде утврден со новата Студија за општински е-услуги | Постепена трансформација на приоритетни општински услуги во е-услуги. |

9 Процесот на консултации резултираше со искажана потреба на низа ЕЛС за дорегулирање на стандардите за подготовка на актите за систематизација и внатрешна организација а во насока на утврдување на минимум стандарди за бројот на вработени лица и бројот на организациски единици согласно карактеристиките на ЕЛС

10 Подготвениот тематски Извештај во 2019 година укажува на приоритетни потреби поврзани со планирање на соодветен простор, обезбедување соодветна опрема , стандардизација на внатрешните процеси, процедури и услугите преку засилена дигитализација, и овозможување континуирана оценка на задоволството на крајните корисници од услугите обезбедени преку ЕШС.

11 Процесот на консултации резултираше со низа предлози за понатамошен развој на Е-општина и поттикнување на употребата на минимум следниве дигитални технологии на локално ниво: интернет-портали, платформи за споделување на податоци-dashboards, создавање и ажурирање на електронски и јавно достапни каталози на податоци кои ги генерираат општините - big/open data концепт, апликации за мобилни телефони поврзани со локалните услуги и искористување на социјалните медиуми за подобрена испорака на локалните услуги.

| **Мерка 1.1.8: Унапредување на функционалните аспекти на урбаните и месните заедници** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.1.8.1 Мапирање на функции и функционална анализа со цел да се идентификуваат функции од делокругот на оваанадлежност на ЕЛС кои можат поефикасно и поефективно да се извршуваат од страна на урбаните и месни заедници (УМЗ) со цел дополнително да се доближат општинските услуги до до граѓаните. | МЛС во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2022 | Подготвен е Извештај со анализа на статусот на УМЗ и сценарија (2019) но без функционална анализа. | Спроведено е фукционална анализа на репрезентативен примерок на ЕЛС(минимум 5 ЕЛС) и мапирани се функции кои поефикасно може да се извршуваат од страна на УМЗ. |
| 1.1.8.2 Промени во статутите на ЕЛС и Правилникот за работа на месните заедници со цел да се подобри функционирањето на урбаните и месните заедници со фокус на финансирањето иначинот на ангажирање на граѓаните. | МЛС во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2022 | Подготвен е Извештај со анализа на статусот на УМЗ (2019). | Унапредени се статутите и правилниците во минимум 20 ЕЛС. |
| **Мерка 1.1.9: Пренесување нови надлежности со обезбедени неопходни човечки и финансиски ресурси за нивно спроведување** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.1.9.1 Спроведување на заклучоците на работната група (РГ) за продолжување на процесот на децентрализација преку подготовка и реализација на детални планови | Работна група за продолжување на процесот на децентрализација (Влада на Република Северна Македонија и ЗЕЛС) | 2021-2023 | РГ е формирана во 2019 година.<br><br>Подготвен е Детален план (ДП) за трансфер на надлежности и ресурси во областа на земјоделието. | Реализиран е ДП за областа на земјоделието и подготвени се детални планови за трансфер на надлежности и ресурси во уште минимум две области согласно со заклучоците на РГ. |
| **Мерка 1.1.10: Понатамошно унапредување на локалните политики за обезбедување интегритет и управување со ризици од корупција** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.1.10.1 Воспоставување на политика на интегритет и механизми за спречување на корупција и судир на интереси во ЕЛС. | ДКСК и МЛС во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | 40 ЕЛС имаат усвоено политики за интегритет (2018)<br><br>43% од ЕЛС имаат донесено стратегии за управување со ризици поврзани со корупцијата а 35% подготвиле регистри на ризици (2018). | Минимум 30% од општините имаат донесено своја политика за интегритет и имаат механизми за нејзино спроведување (детектирани ризици и мерки за нивно надминување) |

| **Приоритет 1.2:Обезбедување доволно финансиски средства за спроведување на сите децентрализирани надлежности преку продлабочување на фискалната децентрализација** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1.2.1: Продлабочување на фискалната децентрализација низ постепено зголемување на приходите на општините преку зајакнување на сопствените извори на приходи, зголемување на фискалниот напор и повисоки трансфери од централниот буџет** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.2.1.1 Утврдувањето на законска можност за воведување повисок опсег на данокот на имот од страна на ЕЛС. | МФ | 2021 | Посточки опсег од 0.1 до 0.2%. | Зголемен опсег на данокот на имот. |
| 1.2.1.2 Анализа на фискалните импликации и зголемување на општата дотација од ДДВ и процентот на наплатени средства од данок од личен доход кој се распределува на општините преку утврдена неколкугодишна динамика со механизми за поттикнување на нивната ефикасност во зголемување на наплатата и следствено на сопствените приходи. | МФ | 2021 - 2023 | 4.5% од ДДВ за општа дотација од ДДВ и 3% на наплатени средства од ДЛД на лица со живеалиште во општината. | Подготвена анализа со која ќе се утврдат процентите на пораст на . ДДВ и на делот на наплатени средства од данок од личен доход на лица со живеалиште во општината во 2023 година. |
| 1.2.1.3 Анализа на постојните модели и методологии за распределба на средствата од дотациите по општини и согласно со наодите нивно ревидирање и унапредување (симулации на ефектите од конкретни покачувања на поединечните дотации и уделите и подготовка на сценарија). | МФ и КСРСФ на на ЕЛС<br>МТСП, МК, МОН, МО | 2021-2023 | Уредби за распределба на блок дотации за 2021 година. | Подготвена анализа со сценарија.<br>Донесени се ревидирани Уредби согласно со препораките на анализата со унапредени дотации за 2023 година. |
| 1.2.1.4 Формирање на Фонд за изедначување и Фонд за успешност за општините | МФ и КСРСФ-на ЕЛС | 2023 | Не е воспоставен засебен механизам за фискално изедначување. | Формиран е Фонд за изедначување и Фонд за успешност за општините |
| 1.2.1.5 Подготовка на анализа со симулации за групирање на сите капитални инвестиции за ЕЛС во една алокација која би се распределувала согласно утврдени критериуми од страна на Советотза рамномерен регионален развој. | ЗПВР-СМЕП,МФ и КСРСФ на ЕЛС, НИК и Национален совет за РРР | 2021-2023 | Капиталните инвестиции се фрагментирани. | Подговена е анализа, формулирана е листа на критериуми и алоцирање на средствата од страна на Националниот Совет за рамномерен регионален развој започнува со 2024 година |
| 1.2.1.6 Воспоставување на среднорочно буџетско планирање заради поголема известност во планирањето и реализацијата на капиталните инвестиции од Буџетот на Република Северна Македонија. | МФ | 2023 (иницирана) | Со Законот за буџетите не е воведена обврска за среднорочно буџетско планирање. | Донесување на новиот Закон за буџетите и воспоставување на среднорочно буџетско планирање започнувајќи со периодот 2023-2027 година |
| 1.2.1.7 Проширување на составот на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на ЕЛС со цел да се опфатат сите органи на државната управа кои реализираат дотации и инвестициски програми наменети за единиците на локалната самоуправа | МФ и КСРСФ на ЕЛС | 2021-2022 | Комисијата ја сочинуваат претставници на МФ, МЛС, МТСП, МОН и ЗЕЛС. | Донесена е измена на Законот за финансирање на ЕЛС и проширен е составот на Комисијата. |

| **Мерка 1.2.2: Зајакнување на капацитетот на единиците на локалната самоуправа за успешно администрирање и наплата на сопствените приходи** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.2.2.1 Спроведување на истражување со длабинска анализа на капацитетите на вработените во ЕЛС за управување со локалните јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетот. | МФ во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Последното истражување на потребите за обуки е направено во 2018 година. | Завршено е истражување во сите урбани ЕЛСво 2022 и во сите рурални ЕЛС во 2023 година. |
| 1.2.2.2 Подготовка и спроведување на интегрална Програма за развој на капацитетот на општинската администрација за за управување со локалните јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетот[12]. | АСУАС<br><br>во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2022-2023 | Последната интегрална Програма беше подготвена во 2018 година | Подготвена е интегрална Програма за обуки во 2022 и спроведени се обуки во 2023 за урбаните ЕЛС |
| **Мерка 1.2.3: Унапредување на внатрешната контрола и ревизија од страна на општините со цел да се подобри управувањето со јавните финансии и да се намалат ризиците поврзани со финансиската стабилност на општините, локалните установи и претпријатија** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.2.3.1 Изградба на капацитети на ЕЛС преку спроведување обуки за доследно спроведување на стандардите на внатрешна контрола и ревизија. | МФ и ДЗР во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | 77% од ЕЛС спроведуваат внатрешна финансиска контрола (2018). 71 ЕЛС спроведува внатрешна ревизија (вкупно 75 ревизори во 2018).<br><br>Не е подготвена интегрална програма за обуки. | Спроведени обуки за урбаните општини во 2022 и за руралните општини во 2023<br><br>Сите ЕЛС спроведуваат внатрешна финансиска контрола и ревизија. |
| 1.2.3.2 Интегрирање на Регистрите за управување со ризици во процесите на управување со јавните финансиски средства од страна на сите општини | МФ во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021 - 2023 | 43% од ЕЛС имаат донесено Стратегија за управување со ризици и 40% имаат регистар на ризици (2018). | Во 70% од ЕЛС докрајот на 2022, ризиците се интегрирани во Регистер на ризици а во преостанатите ЕЛС до крајот на 2023. |
| **Мерка 1.2.5: Обезбедување сеопфатно учество на јавноста во процесот на подготовка на општинските буџети преку организирање буџетски форуми и примена на други современи алатки за собирање на мислења и предлози од граѓаните** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.2.5.1 Целосно воспоставување на процедурите за организирање буџетски форуми и примена на други современи и комплементарни алатки за собирање на мислења и предлози од граѓаните во сите ЕЛС во фаза на подготовка на буџетот на ЕЛС (уредување со статутите и други внатрешни акти на ЕЛС) | МФ и МЛС во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Податокот за вкупен број на ЕЛС кои одржуваат буџетски форуми ќе биде обезбеден низ прва наредна анкета во ЕЛС. | Минимум 70% од ЕЛС одржуваат буџетски форуми |
| **Мерка 1.2.6: Изградба на капацитети за доследна примена на начелото за родово одговорно буџетирање и споделување на успешните практики** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 1.2.6.1 Воведување на целосно родово одговорно буџетирање (РОБ) во ЕЛС, подготовка на засебни програми и алоцирање на доволно средства за спроведување на поврзани приоритетни активности од страна на КЕМ. | МТСП во соработка со ЕЛС/КЕМи ЗЕЛС | 2021-2023 | 21 ЕЛС целосно спроведуваат РОБ. | Воведено е целосно РОБ во минимум 10 дополнителни ЕЛС. |
| 1.2.6.2 Подготовка и спроведување на обуки за примена на начелото за родово одговорно буџетирање (РОБ) и споделување на успешните практики помеѓу општините | МТСП во соработка со МФ, ЕЛС/КЕМ и ЗЕЛС | 2021-2023 | Обуки се реализирани во 21ЕЛС. | Обуки за РОБ се реализирани во минимум 10 дополнителни ЕЛС. |

12 Процесот на консултации со засегнатите страни резултираше со издвојување на неколку приоритети за обука и тоа: администрирање на сопствените приходи; подобра евиденција на даночните обврзници; преземање на поинтензивни активности за преоценување на пазарната вредност на недвижниот имот и превземените активности за наплата пред сé во делот на комуналните такси каде системот за наплата е поедноставен и поефективен

| **Компонента 2: ИНОВАТИВЕН И ИНКЛУЗИВЕН ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 2.1: Создавање на неопходни предуслови за забрзан економски развој и раст на единиците на локалната самоуправа** | | | | |
| **Мерка 2.1.1: Продлабочување на соработката на општините со централната власт и другите засегнати страни за развој на општинските економски зони и привлекување на инвестиции но и во сите процеси за финансиска и друга поддршка на претпријатијата** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.1.1.1 Продлабочување на соработката на општините со надлежните органи на државната управа и агенциияза развој на општински економски зони и привлекување на домашни и странски гринфилд и браунфилд инвестиции[13]. | ЕЛС и ЗЕЛС во соработка со МЕ, АПСИ, ДТИРЗ, АППРСМ | 2021-2023 | Податоци за постоечката состојба со општинските економски развојни зони ќе се обезбедат преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Унапредено е функционирање на минимум 10 општински развојни зони. |
| 2.1.1.2 Овозможување на сите нормативни предуслови (доуредување на законската материја) за испорака на директна помош и поддршка на приватниот сектор од страна на општините. | МЕ во соработка со ДТИРЗ, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Не е воспоставена целосна законска рамка за директна помош и поддршка на приватниот сектор од страна на општините. | Воспоставена е целосна законска рамка за директна помош и поддршка на приватниот сектор од страна на општините. |
| 2.1.1.3 Подобрување на одредбите од Законот за концесии и јавно-приватни партнерства низ директна соработка со ЕЛСи приватниот сектор[14]. | МЕ во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2022 | Податоци за број на склучени ЈПП ќе се обезбедат преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Склучени се минимум 5 ЈПП од страна на ЕЛС. |
| 2.1.1.4 Развој на општински економски зони | ДТИРЗ во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2022 | Податоци за бројот на општински економски зони ќе се обезбедат преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Воспоставени се нови економски зони во минимум 4 општини |
| **Мерка 2.1.2: Обезбедување на зајакната улога за општинските економско социјални совети како клучни партиципативни тела и промотори на локалниот економски и социјален развој на општините** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.1.2.1 Воспоставување на економско социјални совети (ЕСС) во сите ЕЛС со учество на здруженијата на граѓани и приватниот сектор, универзитетите и други локални засегнати страни и воспоставување партнерства за одржлив ЛЕР. | ЕЛС и ЗЕЛС во соработка со МЕ и МТСП | 2021-2022 | Бројот на ЕЛС со воспоставени ЕСС ќе се утврди преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Воспоставени ЕСС во сите ЕЛС со најмалку 30% членови од помалку застапениот род. |
| **Мерка 2.1.3: Доследна партиципативна подготовка и спроведување на општинските стратегии и планови за ЛЕР со фокус на искористување на споредбените предности и паметна специјализација, воспоставувајќи притоа облици на соработка со соседни општини и на ниво на плански регион** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.1.3.1 Унапредување на интероперабилноста на општините со надлежните државни органи на управа за прашања поврзани со економскиот развој и создавање на стандардизирани бази на податоци за ЛЕР вклучувајќи и социјални претпријатијаво секоја општина. | ЕЛС и ЗЕЛС во соработка со МЕ, МЗШВ, АППРСМ, АППТ и АПСИ | 2021-2023 | Не се воспсотавени стандардизирани бази на податоци за ЛЕР во ЕЛС. | Воспоставени се стандардизирани бази на податоци за ЛЕРвклучувајќи и социјални претпријатија со родово разделени податоци за претпријатија во сопственост или управувани од жени и млади, во минимум 20 општини. |

13 Низ процесот на консултаци од страна на ЕЛС беше побарана правна помош, заедничка промоција на инвестициски можности со централната власт, синхронизирање на кампањи за привлекување инвестиции, размена на податоци и информации и сл

14 Целта на активноста е да се уредат постапки и процедури кои истовремено го штитат јавниот интерес и се доволно ефикасни и ефективни за да се привлече интерестот на потенцијалните приватни инвеститори (домашни и странски) и стимулирање на воспоставувањето на ЈПП.

| Активности | Носител (и) | Временска рамка | Индикатор на постоечка состојба | Индикатор на очекуван резултат |
|---|---|---|---|---|
| 2.1.3.2 Партиципативна подготовка на нова генерација стратегии и планови за ЛЕР[15] на општините кои поблиску ќе бидат усогласени со националните стратегии и планови за економски развој како и со одредниците на Зелената Агенда за Западен Балкан, потребата за одржливо искористување на споредбените предности и паметна специјализација на ЕЛС и преку запазување на критериумите за инклузивност на младите, жените и ранливите групи. | ЕЛС и ЗЕЛС во соработка со МЕ и МЖСПП | 2021-2023 | Податоци за бројот на ЕЛС со тековни стратегии и планови за ЛЕР ќе се обезбедат преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Подготвени се нови стратегии и планови за ЛЕР во минимум 20% од ЕЛС. |
| 2.1.3.3 Подготовка на функционални анализи и документација за воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за ЛЕР и поддршка на претприемништвото и МСП (работни тела, заедничка администрација особено на помалите и претежно рурални општини, здружување на средства за ко-финансирање на покрупни проекти и др.). | ЕЛС во соработка со МЛС и МЕ | 2021-2023 | Податок за бројот на воспоставени облици на МОС за ЛЕР ќе се обезбеди преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Воспоставени се минимум три дополнителни облици на МОС за ЛЕР. |
| **Мерка 2.1.4: Зајакнување на постоечките и трансфер на нови надлежности во туризмот и угостителството, и во областа на земјоделието и руралниот развој** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.1.4.1 Подготовка и спроведување на Детален план за трансфер на надлежности и ресурси на општините во областа на туризмот и угостителството. | МЕ и АППТ во соработка со МФ, МЛС, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Не е подготвен Детален план за трансфер на надлежнсоти и ресурси. | Подготвен е Детален план во 2022 година и спроведен е во 2023 година. |
| 2.1.4.2 Финализирање и спроведување на Деталниот план за трансфер на надлежности и ресурси на општините во областа на земјоделието и руралниот развој. | МЗШВ во соработка со МФ, МЛС, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Подготвен е консолидиран нацрт на Детален План. | Финализиран е Детален план во 2021 година и спроведен е во 2022 – 2023година. |
| **Мерка 2.1.5: Обезбедување зајакнато учество на општините во спроведување на националните стратегии за развој на малите и средни претшријатија, индустријата, женското претприемништво, формализирање на неформалната економија и развој на туризмот** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.1.5.1 Споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни финансиски програми и инструменти за поддршка од страна на ЕЛС, со фокус на жените и младите претприемачи. | МЕ, АППРСМ, АППТ, АПСИ и ФИТР во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Поддржани 21 претпријатие на жени претприемачи (2019)<br>Не е воспоставен систем за редовно споделување информации од страна на ЕЛС. | Воспоставен е систем за редовно споделување информации од страна на минимум 15 ЕЛС со фокус на жените и младите претприемачи. |
| 2.1.5.2 Воспоставување општински бизнис акцелератори преку кои на лицата кои сакаат да отпочнат бизнис а особено жените, младите и лицата со попреченост како и други ранливи групи, ќе им се обезбедат сите неопходни информации и ќе се даде поддршка да ја реализираат нивната идеја на подрачјето на секоја општина. | ФИТРво соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | МСП учествуваат со 77% во вкупната БДВ и во вкупниот број на на вработени (2019).<br>Бројот на воспоставени бизнис акцелератори во ЕЛС ќе се утврди преку првата наредна анкета со ЕЛС. | Воспоставени се нови бизнис акцелератори во минимум 5 ЕЛС. |
| 2.1.5.3 Подготовка и донесување на Стратегија за развој на туризмот и разработка низ поврзани планови на ЕЛС[16]. | МЕ, АППТ и МКво соработка со ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2023 | Подготовката на новата Стратегија за развој на туризмот е во завршна фаза. | Подготвена и донесена нова Стратегија за развој на туризмот и планови за развој на туризмот во мин. 20% од ЕЛС. |

15 Новите стратегии за ЛЕР да се подготвуваат согласно со стандардите на ЕУ и примена на модел на четирикратен хеликс според кој во носење на најважните стратегиски одлуки за потикнување на ЛЕР и иновациите треба да дискутираат сите засегнати страни и тоа: клучните чинители од Владата, општините, истражувачките и научните институции, компаниите и граѓаните.

16 Плановите за развој на туризмот во ЕЛС треба да опфатат мерки за промоција на специфични облици на туризам за подрачјето на општините, како и целно субвенционирање на економски оператори од областа на алтернативниот и културен туризам во координација со АППТ и согласно растечката побарувачка за профилиран туризам од типот на планинарење, велосипедизам, зимски, бањски, здравствен туризам, вински патишта, теренска археологија и посета на историски, верски и други локации.

| **Мерка 2.1.6: Вклучување на здруженијата на граѓани во процесот на подготовка и спроведување на политиките и мерките за локален економски развој а преку нив и на ранливите категории од населението со цел да се јакне социјалното претприемништво, да се инкубираат социјални претпријатија и старт-ап бизниси, порешително да се поддржат жените во отварање и водење бизнис и систематски да се намалуваат бариерите за пристап на жените до пазарот на труд** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.1.6.1 Продлабочување на соработката на единиците на локалната самоуправа со здруженијата на граѓани и фондации како и организации од приватниот сектор за нефинансиска поддршка на претпријатијата[17]. | ЕЛС во соработка со ЗГ, приватен сектор, МЕ и АППРСМ | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС кои даваат нефинансиска поддршка на МСП ќе се утврди преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Дополнителни минимум 10 ЕЛС реализираат облици на нефинансиска поддршка на претпријатијата. |
| 2.1.6.2 Подготовка и спроведување на програми од страна на ЕЛС за поддршка на социјалното претприемништво, инкубирање социјални претпријатија и старт-ап бизниси, за поддршка на жените во отварање и водење бизнис (особено во руралните подрачја) и за систематско намалување на бариерите за пристап на жените до пазарот на труд. | ЕЛС во соработка со ЗГ, приватен сектор, МЕ, АППРСМи МТСП | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС кои реализираат програми ќе се утврди преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Дополнителни минимум 10 ЕЛС реализираат програми. |
| **Мерка 2.1.7: Подготовка и спроведување на програми за развој на човечките капацитети во администрацијата на општините** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.1.7.1 Подготовка и спроведување на обуки за ЛЕР и водење на проектен циклус. | ЕЛС и ЗЕЛСво соработка со МЕ, МТВ, МЖСПП и МЗВШ | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС каде се спроведени обуки за ЛЕР ќе се утврди преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Спроведени се обуки за ЛЕР и водење на проектен циклус во минимум 30% од ЕЛС. |
| 2.1.7.2 Изнаоѓање на најсоодветно нормативно и институционално решение за поддршка на помалите и претежно рурални општини во подготовка на техничка и финансиска документација согласно барањата поврзани со проектни апликации | МЕ, МТВ, МЖСПП, МЗШВ, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2022 | Не е воспоставено соодветно нормативно и институционално решение. | Воспоставено е соодветно нормативно и институционално решение за поддршка на помалите и претежно рурални општини. |
| **Мерка 2.1.8: Воспоставување стимулативна локална даночна политика и обезбедување поволности за приватниот сектор** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.1.8.1 Обезбедување поволности за приватниот сектор преку соодветна политика поврзана со локалните надоместоци кои се поврзани со вршење економски дејности и преку намалување на административните процедури и бариери поврзани со основање и работа на компаниите а со цел да се стимулира ЛЕР. | ЕЛС и ЗЕЛС во соработка со МЕ и ДТИРЗ | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС кои спроведуваат стимулативна даночна политика и ги имаат поедноставено процедурите ќе се обезбеди преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Минимум 30% од ЕЛС спроведуваат стимулативна даночна политика и ги имаат поедноставено (дигитализирано) процедурите поврзани со основање и работа на компаниите. |
| 2.1.8.2 Анализа на системот на наплата на парафискалните давачки на локално ниво со препораки за нивно намалување и воспоставување на регистер во секоја општина. | МФ во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Не е спроведена сеопфатна анализа на локално ниво и не се воспоставени регистри во ЕЛС. | Спроведена е сеопфатна анализа со препораки и воспоставени се регистри во сите општини. |

17 Процесот на консултации со засегнатите страни резултираше со утврдување на неколку приоритети за нефинансиска помош на МСП и тоа: основање на бизнис акцелератори и startup претпријатија; развој на јавно приватно партнерство; обуки и техничка подршка; советување и правна помош; помош во маркетинг активностите и за влез на пазари; и промовирање на поврзување на бизнисите.

| **Мерка 2.1.9: Одржливо и систематско собирање на податоци и создавање на статистика на ниво на општини која потоа може да се искористи за пресметување на Индекс на локален развој** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.1.9.1 Изнаоѓање на одржливо институционално решение за превземање на базата на податоци, редовно спроведување на статистички истражувања и пресметување на Индексот на општински развој на начин кој обезбедува родово разделена статистика. | МЛС во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС, МФ и ДЗС | 2021-2023 | Индексот е развиен и се пресметува во рамки на проект на УНДП. | Воспоставено е одржливо решение за редовно пресметување на Индексот на општински развој. |
| **Приоритет 2.2:Развој на локални политики за намалување на невработеноста и спроведување на комплементарни мерки од страна на единиците на локалната самоуправа** | | | | |
| **Мерка 2.2.1: Засилено вклучување на општините во процесите поврзани со унапредување на пазарот на труд, како и подобрување на координацијата со централната власт по однос на дизајнирањето на што е можно поцелисходни мерки за намалување на невработеноста со фокус на најранливите групи од населението, вклучувајќи ги младите и жените** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.2.1.1 Обезбедување на учество на средните стручни училишта во економско социјалните совети на општините и координација на образовните програми со потребите за струки во приватниот сектор | ЕЛС и ЗЕЛС во соработка со ДТИРЗ | 2021-2022 | Претставици на средните стручни училишта не учествуваат во ЕСС. | Обезбедено е учество на средните стручни училишта во ЕСС на општините. |
| 2.2.1.2 Спроведување на програми[18] со активни мерки за намалување на невработеноста со фокус на најранливите групи од населениетоподготвени на партиципативен начин со учество на ЕЛС, локалните засегнати страни и потенцијалните корисници. | АВРСМ во соработка со МТСП, ЦСР,ДТИРЗ, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | 30% млади лица до 29 години се опфатени со активните мерки за вработување (2019). Бројот на невработени како последица на кризата со Ковид 19 се зголемил за над 20.000 лица (јули 2020). | Програмите на АВРСМ со активни мерки се подготвуваат низ директна соработка со ЕЛС и други локални засегнати страни. |
| **Мерка 2.2.2: Подготовка на евиденции за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општините и мапирање на потребите од вработување (структура на вработени и невработени, можности за обука, понудата и побарувачката и други прашања кои се битни за правење на анализи на потребите од знаења и вештини)** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.2.2.1 Мапирање на невработените лица, активните баратели на работа и потребите од вработување во приватниот сектор и подготовка на евиденции[19] за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општините низ собирање и размена на податоци за потенцијалните корисници на активните мерки за вработување. | ЕЛС во соработка со МТСП, АВРСМ и бизнис сектор | 2021-2023 | Не е воведена ефективна практика за мапирање и не се воспоставени евиденции на ниво на ЕЛС. | Потребите од вработување во приватниот сектор се мапирани и воспоставени се евиденции за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на минимум 15 ЕЛС. |

18 Процесот на консултации со засегнатите страни резултираше со препорака за поголемо учество на ЕЛС во мапирање на корисниците и фокусирање на активните мерки на корисниците на гарантирана минимална помош, лицата со инвалидност, младите и жените но и повозрасните лица, лицата без завршено основно и со основно образование како и невработени лица од заедницата на Ромите.

19 Засегнатите страни предлагаат структурата на вработени и невработени во општинските евиденции да се организира по род, возраст, и други варијабли, да се маираат можности за обука на подрачјето на ЕЛС, локалната понуда и побарувачка и други прашања кои се битни за правење на анализи на потребите од знаења и вештини.

| **Мерка 2.2.3: Искористување на постоечките капацитети на стручните установи за обезбедување образование на возрасни, вклучувајќи воспоставување на соодветни облици на меѓуопштинска соработка** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 2.2.3.1 Подготовка на програми за подобрување на компетенциите за вработување и вработливост на невработените , односно за образование на возрасни во рамките на потребите на пазарот на труд од страна на  општините и  низ соработка со Центарот за стручно образование и обука за спроведување на програми за преквалификација и доквалификација, вклучувајќи воспоставување на соодветни облици на меѓуопштинска соработка особено на помалите и претежно рурални општини. | ЕЛС и Центарза стручно образование и обука, во соработка со АВРСМ, МТСП и МОН | 2021 - 2023 | Не е воспоставена практика за подготовка на програми од страна на ЕЛС во соработка со ЦСОО и не се воспоставени облици на МОС за образование на возрасни лица. | Воспоставена е практика за подготовка на програми од страна на ЕЛС во соработка со ЦСООи воспоставени се минимум три облици на МОС. |
| Компонента **3: КВАЛИТЕТНИ ЛОКАЛНИ УСЛУГИ СО ЦЕЛОСЕН ОПФАТ НА НАСЕЛЕНИЕТО** | | | | |
| **Приоритет 3.1:Поквалитетно основно и средно образование во функција на забрзан социо-економски развој на единиците на локалната самоуправа** | | | | |
| **Мерка 3.1.1: Оптимизација на мрежите на училишта за основно и средно образование** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.1.1.1 Спроведување функционална анализа во однос на бројот на подрачните училишта и бројот на ученици во нив, во секое централно основно училиште поаѓајќи од учебната 2020/2021 година и со проекција на бројот на ученици во истите во 2024 и 2026 година. | ЕЛС во соработка со МОН | Јуни, 2022 година | 630 подрачни училишта во 2020 година. Функционална анализа не е направена. | Изготвени извештаи од спроведена функционална анализа во 30% од основните училишта. |
| 3.1.1.2 Утврдување критериуми за оптимизација[20] и подготовка на Акциски план на секоја општина за оптимизација на мрежата на основни училишта и бројот на паралелки во рамките на секое училиште како и потенцијалниот технолошки вишок на наставниот кадар. | ЕЛС во соработка со МОН | Јуни, 2023 година | Не се подготвени акциски планови за оптимизација на мрежата на основни  училишта. | Утврдени критериуми и подготвени акциски планови за оптимизација на мрежата на30% од основните училишта. |
| 3.1.1.3 Спроведување функционална анализа во однос на бројот и видот на училишта за средно образование и бројот на ученици во нив, поаѓајќи од учебната 2020/2021 година и со проекција на бројот на ученици во истите во 2024 и 2026 година. | ЕЛС во соработка со МОН | Јуни, 2022 година | 109 училишта за средно образование од кои 38 се комбинирани училишта (2020). Функционална анализа не е направена. | Изготвени извештаи од спроведената функционална анализа во 30% од средните училишта. |
| 3.1.1.4 Утврдување критериуми за оптимизација и подготовка на Акциски план на секоја општина за оптимизација на мрежата на средни училишта и бројот на паралелки во рамките на секое училиште како и потенцијалниот технолошки вишок на наставниот кадар. | ЕЛС во соработка со МОН | Јуни, 2023 година | Не се подготвени акциски планови за оптимизација на мрежата на средни училишта. | Утврдени критериуми и подготвени акциски планови за оптимизација на мрежата во 30% од средните училишта. |

20 Низ консултациите со засегнатите страни беа издвоени следниве клучни критериуми за оптимизација на мрежата на основни училишта:минимален број на ученици по подрачно училиште и податоци на број на деца до 6 години во населеното место / места на секое подрачно училиште.

| **Мерка 3.1.2: Унапредување на системот за финансирање на основното и средно образование и обезбедување доволно финансиски средства за непречено одвивање и повисок воедначен квалитет на наставата како и целосен опфат на ученици во основните и средни училишта** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.1.2.1 Длабинска анализа на доволноста на средствата од блок дотациите во областа на основното и средното образование и нивно унапредување[21]. | МОН во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | До крај на 2022 | Не е подготвена длабинска анализа. | Подготвена длабинска анализа и унапредени Уредби започнувајќи со 2023 година. |
| 3.1.2.2 Изработка на стандардизирана методологија за распределба на дотациите по училишта на ниво на општина (имајќи го предвид и видот на средно училиште – гимназија или стручно училиште, или комбинирани училишта). | МОН во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | Септември, 2022 | Не е подготвена стандардизирана Методологија. | Подготвена стандардизирана Методологија за распределба на дотациите по училишта на ниво на општина со примена под 2023 година. |
| 3.1.2.3 Подготовка и и донесување на подзаконски акт за попрецизно регулирање на мобилноста (транспортот) на ученици од еден во друг град, односно во друга општина и негова примена од 2023 година. | МОН во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | Септември, 2022 | Нема донесено подзаконски акт. | Донесен подзаконски акт, |
| 3.1.2.4 Дизајнирање нов модел на финансирање и распределба на капиталните инвестиции во основното и средното образование водејќи сметка за потребата од надминување на диспаритетите помеѓу општините и воедначување на квалитетот на образовниот процес (да се разгледаат можностите за трансформација на постоечката инвестициска програма во капитална дотација). | МОН во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС и МФ | Септември , 2023 | Финансирањето се спроведува преку инвестициска програма на МОН. | Извештај со препораки за воведување нов модел на финансирање и распределба на капиталните инвестиции во основното и средното образование и негова примена со буџетот на МОН за 2024 година. |
| **Мерка 3.1.3: Дизајнирање и спроведување на повеќегодишна програма за зголемување на бројот на училишта со етнички интегрирани ученици и соодветни мерки за надминување на бариерите за интеграција** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.1.3.1 Анализа на состојбите и предизвиците по однос на етничката интегрираност во училиштата со препораки за зголемување на бројот на училишта со етнички интегрирани ученици со соодветни мерки за надминување на бариерите за интеграција[22]. | МОН, Управа за РУОЈПЗ, ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | Декември, 2022 | МОН има поддржано финансиски 522 училишта за реализација на мерки и активности. | Подготвен е Извештај со анализа на состојбите и препораки за зголемување на степенот на етничка интегрираност во училиштата. |
| **Мерка 3.1.4: Целосно интегрирање на децата од заедницата на ромите во образовниот процес** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.1.4.1 Формирање тимови во основните училишта во кои што се школуваат ученици од ромската заедница, кои ќе се грижат за успехот и редовноста на овие ученици, а по потреба ќе им даваат и стручна поддршка на учениците и нивните родители[23]. Вметнување на ромските образовни медијатори во идните стратепки планирања на општините во делот на образованиетосо цел загарантирана систематизација и одржливост на програмата РОМ (ромски образовни медијатори). | ЕЛС во соработка со МОН, Центри за социјална работа и здруженија на граѓани | 2021 - 2022 | 608 ученици од ромската заедница (близу 80% од запишаните во прво одделение) завршиле основно образование. (2018/2019)<br>9592 запишани ученици Роми од прво до деветто одделение (2020/2021).<br>Програмата РОМ (ромски образовни медијатори) се спроведува во 26 општини и над 85 основни училишта | Формирани тимови во сите основни училишта во кои што се школуваат ученици од ромската заедница.<br>Интегрирање на ромските образовни медијатори во актите за систематизација на општините. |

21 Блок дотацијата за основно образование: со препорака да се направи детална анализа на сите фактори во формулата а особено на ефектите од постоење горни и долни прагови каде алокацијата на средства е по ученик и разгледување на можноста за постепена рационализација на средствата за плати низ претходно подготвена програма и акциски план за оптимизација на мрежата на училишта иБлок дотацијата за средно образование каде е препорачано да се анализираат коефициентите во формулата од аспект на усогласеност со трошоците по ученик и да се направи оценка на ефектите од спроведувањето на одредбите на Законот за превоз во патниот сообраќај по однос на тековните цени за превоз на учениците во споредба со цените за превоз на сите патници утврдени со одлука на советите на општините.

22 Во 96 основни училишта во 46 ЕЛС се реализира настава на 2 или повеќе наставни јазици. Во 35 средни училишта во 9 ЕЛС и градот Скопје се реализира настава на 2 или повеќе наставни јазици Засегантите страни укажаа на потребите да се создаваат поголеми можности за интеракција на учениците од различни етнички заедници, да се постигне повисок степен на застапененост на интеркултурно образование во наставните и вонnаставните активности, да се вмрежат етнички интегрираните училипта со цел да се разменат искуства и добри практики, да се спроведвуаат редовни обуки за наставниот кадар итн.

23 Препорака од спроведените консултации е во овие тимови, покрај наставници и стручни соработници од училиштето, да се вклучат и социјален работник од Центрите за социјална работа и претставници од здруженијатана граѓани кои во својата мисија го имаат образованието на ромските ученици.

| Активности | Носител (и) | Временска рамка | Индикатор на постоечка состојба | Индикатор на очекуван резултат |
|---|---|---|---|---|
| 3.1.4.2 Континуирано професионално ориентирање на учениците од ромската заедница во основните училишта во функција на премин во средно образование а потоа и во високо образование, запознавајќи ги нив и нивните семејства и со можностите поврзани со двогодишните и тригодишните стручни образовни профили, со цел побрзо излегување на пазарот на трудот. | ЕЛС во соработка со МОН и здруженија на граѓани | 2021-2023 | 421ученици Роми се запишани во прва година во училиштата за средно образование (2020/2021). | Изготвени програми во 80% од основните училишта во кои се школуваат ученици од ромската заедница. |
| 3.1.4.3 Формирање на советодавни одбори заедно со претставници на НВО секторот, изготвување и спроведување на кампања со програма за одржување на предавања и работилници за ученичките и учениците од ромската заедница во основните училишта и нивните родители, со цел да се промени свеста во однос на традиционалното рано стапување во брак на женските деца од ромската заедница[24]. | ЕЛС во соработка со МТСП, МОН и здруженија на граѓани | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС и училишта во кои се спроведуваат вонннаставни предавања и работилници ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Формирани советодавни одбори, изготвени и спроведени кампањи со<br><br>Програми во 70% од основните училишта во кои се школуваат ученици од ромската заедница. |
| 3.1.4.4 Обезбедување стипендии за учениците од ромската заедница уште од прва година во средните стручни училишта и другите средни училишта. | ЕЛС во соработка со МОН, здруженија на граѓани и стопански комори | Од учебната 2022/2023 година | 891 ученици Роми се примателите на стипендија (2020/2021). | Обезбедени се минимум 900 стипендии за учениците од ромската заедница во средните училишта. |
| **Мерка 3.1.5: Целосна инклузија на децата со попреченост во образовниот процес и прилагодување на физичкиот простор и наставните помагала кон нивните потреби** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.1.5.1 Формирање училишни инклузивни тимови, инклузивни тимови кои работат со ученици по ИОП и модифицирана програма и ангажирање образовни асистенти за ученици со попреченост. | МОН, Државен просветен инспекторат,Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченостиЕЛС | Декември 2021 | Во 2020година потпишани се договори за 323 образовни асистенти со 36 ЕЛС, а започнале со работата 284 образовни асистенти. | Формирани инклузивни тимови, инклузивни тимови кои работат со ученици по ИОП и модифицирана програма на наставници за инклузија во сите училишта.<br><br>Ангажирани се минимум 500 образовни асистенти за учениците со попреченост, |
| 3.1.5.2 Подготовка и спроведување на обуки за наставниот кадар за процесот на инклузивно образование на ученици со посебни образовни потреби и прилагодување на наставата и наставните помагала на нивните потреби. | МОН/БРО и Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченоство соработка со ЕЛС и здруженија на граѓани | 2021-2023 | Спроведени се обуки од страна на БРО во изминатите неколку години со определен број на наставници од сите училишта. | 80% од училиштата се обучени за процесот на инклузивно образование, ја прилагодиле наставата на потребите на учениците со посебни образовни потреби и обезбедиле наставни помагала. |
| 3.1.5.3 Подобрување на пристапноста преку остранување на сите физички бариери за деца - ученици со опреченост во основните и средни училишта. | МОНи Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченоство соработка со ЕЛС и здруженија на граѓани | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС и на основни и средни училишта во кои постојат физички бариери ќе биде утврден преку првата наредна анкета во ЕЛС. | 80% од училиштата ги отстраниле физичките бариери за деца - ученици со попреченост. |

24 Препорака од спроведените консултации е овие предавања и работилници да ги спроведуваат стручните соработници од основните училишта, здравствени работници, психолози, социјални работници и и претставници на ромската заедница.

| **Мерка 3.1.6: Формирање на одделенија за образование во рамките на поголемите единици на локалната самоуправа и воспоставување облици на меѓуопштинска соработка, со цел да се помогне на помалите единици на локалната самоуправа да постигнат поусогласен квалитет на образовните услуги и подобро да се поврзат со пазарот на труд** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.1.6.1 Подготовка на функционална анализа и формирање на одделенија за образование во рамките на поголемите единици на локалната самоуправа. | ЕЛС во соработка со МОН | Јуни, 2022 | Бројот на ЕЛС со комбинирани и засебни организациски единици за образование ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Направени функционални анализи и формирани засебни одделенија за образование во поголемите, минимум 20 ЕЛС. |
| 3.1.6.2 Воспоставување облици на меѓуопштинска соработка (заеднички работни тела, заедничка администрација), со цел да се помогне на помалите единици на локалната самоуправа да постигнат поусогласен квалитет на образовните услуги и подобро да се поврзат со пазарот на труд. | ЕЛС во соработка со МЛС и МОН | 2021-2023 | Нема воспоставени облици на МОС. | Воспоставени се минимум три облици на МОС. |
| **Приоритет 3.2:Унапредување на локалните услуги поврзани со социјалната заштита и заштитата на децата од страна на единиците на локалната самоуправа** | | | | |
| **Мерка 3.2.1: Активно учество на општините во процесот на деинституционализација** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.1.1 Продолжување со процесот на деинституционализација преку зајакнување на социјалните услуги во домот, во дневните центри и центрите на заедницата и останатите алтернативни форми на грижа и давање директни услуги за децата, младите а во наредниот период и со поголем фокус на возрасните лица со попреченост. | МТСП и ЦСР во соработка со ЕЛС | 2021-2023 | 3058 корисници во 2018 година. | 4500 корисници до крајот на 2023 година. |
| 3.2.1.2 Ослободување на здруженијата на граѓани кои испорачуваат социјални услуги од обврската за плаќање закупнина за користење на простор во објекти кои се во сопственост на државата или општините. | ЕЛС, МТСП и ЦСР | 2021-2022 | Бројот на ЕЛС каде ЗГ плаќаат закупнина за простор во јавни објекти ќе биде утврден со правата наредна анкета во ЕЛС. | Минимум 30% од ЕЛС ги ослободиле ЗГ од обврската да плаќаат закупнина. |
| **Мерка 3.2.2: Востановување на општинските и регионалните совети за социјална заштита во сите единици на локалната самоуправа и подготовка на социјалните планови врз основа на сеопфатно мапирање на ранливите групи и нивните потреби** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.2.1 Востановување Совети за социјална заштита во сите единици на локалната самоуправа со учество на здруженија на граѓани од општините. | ЕЛС и ЗГ | 2021-2022 | Број на ЕЛС со востановени ЗСЗ ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Совети за социјална заштита се востановени во сите ЕЛС и во советите се со вклучени ЗГ. |
| 3.2.2.2 Содавање на нормативни предуслови, утврдување на методологија и подготовка на општински регистри по категории на лица со попреченост со мапирани потреби за социјални услуги | МТСП и ЦСР, во соработка со Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченост и ЕЛС | 2021-2023 | Не е формулирана Методологија и не се воспоставени регистри. | Формулирана Методологија и подготвени регистри вോминимум 25ЕЛС. |

**Мерка 3.2.3: Постепено инволвирање на општините во управувањето со центрите за социјална работа и дневните центри за испорака на различни видови социјални услуги а со цел да се обезбеди висок степен на комплементарност на вложувањата во социјалната заштита на двете нивои на власт но и да се овозможи отворање канцеларија на центрите за социјална работа во секоја општина**

| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
|---|---|---|---|---|
| 3.2.3.1 Функционална анализа на дневните центри за лица со попреченост во насока на усогласување на бројот на вработени со бројот на корисници на услугите. | ЦСР и ДЦЛП во соработка со Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попречености ЕЛС | 2021- 2022 | 34 дневни центри за лица со попреченост. | Направена функционална анализа во минимум 15 ДЦЛП. |
| 3.2.3.2 Воведување на минимум 8 часа ефективно работно време во сите Дневните центри за лица со попреченост. | МТСП/ЦСР/ ДЦЛПво соработка со Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попречености ЕЛС | 2022 | Работното време во дел од ДЦЛП е 5 ефективни часа | Воведено е минимум 8 часа ефективно работно време во ДЦЛП. |
| 3.2.3.3 Спроведување на концептот "Општината се грижи" создавајќи нови услуги, обезбедувајќи нови работни места и отворање на канцеларии на центрите за социјална работа во секоја општина и формирање интервентен тим што ќе постапува 24/7 | МТСП и ЦСР-во соработка со ЕЛС | 2021-2023 | 2018/30 ЦСР. | Отворени канцеларии на ЦРС во 60 ЕЛС. |
| 3.2.3.4 Оценка на ефектите од спроведувањето на новиот Закон за социјална заштита и согласно наодите правење конечна проценка поврзано со трансфер на надлежности и ресурси на Центрите за социјална заштита и Дневните центри за лица со попреченост[25]. | МТСП/ЦСР, Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченост во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2023 | 2021-2022 е период во кој ќе се спроведува новиот Закон за социјална заштита. | Изготвен Извештај со оценка на ефектите од спроведувањето на новиот Закон за социјална заштита и препораки по однос на понатамошна децентралзиација. |
| 3.2.3.5 Воспоставување различни облици за испорака на услуги и зголемување на бројот на услуги за старите лица[26]. | МТСП/ЦСР, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021 - 2023 | Број на ЕЛС со воспоставени институционални облици за заштита на старите лица покрај домовите за стари лица ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Воспоставени се различни облици на испорака на услуги за старите лица и зголемен е бројот на поврзани услуги во минимум 15 ЕЛС. |

25 Препорака од спроведените консултации е како прв чекор да се прошири управната структура на Центрите за социјална работа преку зголемена застапеност на општинската администрација и ЗГ од општините.

26 Препорака од спроведените консултации е да се поддржи воспоставување центри за активно и здраво стареење, со програми кои ќе се грижат за менталното и физичкото здравје, социјализацијата и меѓуврсничката комуникација на старите лица, да се отворат мали групни домови за стари лица со ментална или телесна попреченост и да се создаваат патронажни служби за помош и нега на стари лица во нивниот дом. Истотака препрачано е да се поттикне развој на специјализирани услуги од страна на згрижувачки семејства за стари лица.

| **Мерка 3.2.4: Унапредено финансирање на социјалната заштита и заштитата на децата** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.4.1 Симулација на формула само со норма по клиент во блок дотацијата за детски градинки со цел да се направи споредба со постоечката формула која е заснована покрај на норма по клиент и на број на деца и посебен коефициент за секоја општина, а поврзано со потребата од оценка на целисходноста на бројот на вработени во детските градинки. | МТСП | 2021-2022 | Не е направена симулација на формулата. | Извештај со симулација на формулата во блок дотацијата за детски градинки. |
| 3.2.4.2 Анализа на ефектите од новиот начин на финансирање на социјалните услуги[27]. | МТСП во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС, ЗГ и стопански комори | 2023 | 2021-2022 е период во кој ќе се спроведува новиот Закон за социјална заштита. | Подготвен е Извештај со анализа на ефектите од новиот начин на финансирање на социјалните услуги. |
| 3.2.4.3Донесување на Закон за социјално претприемништво | МТСП | 2021- 2022 | Нацрт на Законот е подготвен. | Донесен е нов Закон за социјално претприемништво. |
| **Мерка 3.2.5: Планирање на заедничка програма со централната власт и регулаторните тела за субвенционирање на сметките на корисниците на комуналните услуги кои припаѓаат на ранливите групи и користат социјална помош и услуги** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.5.1 Анализа на сметките на корисниците на комуналните услуги кои припаѓаат на ранливите групи и користат социјална помош и услуги | МТСП и ЦСР-во соработка со ЕЛС (ЈКП и АДКОМ), МЖСПП и МФ | 2021-2022 | Комбиниран индикатор (AROPE), стапката на сиромашни или социјално исклучени лица е 41.1% (2018).<br>14.1 лица над 18 години возраст на 1000 жители се корисници на социјална парична помош (2018). | Подготвен Извештај со анализа. |
| 3.2.5.2 Подготовка на интегрална програма за субвенционирање на сметките на корисниците на комуналните услуги кои припаѓаат на ранливите групи и користат социјална помош и услуги (земајќи ги предвид искуствата и базите на податоци поврзани со пристапот за адресирање на енергетската сиромаштија). | ЕЛС и ЗЕЛС (ЈКП и АДКОМ), во соработка со МТСП иМФ | 2022-2023 | Не е подготвена интегрална програма. | Подготвена е интегрална Програма за ЕЛС. |
| **Мерка 3.2.6: Постепен премин кон функционална децентрализација во оваа област на начин што ќе се обезбеди финансиска поддршка за општини во кои нема пренесени детски градинки и други установи за социјална заштита, овозможувајќи и алтернативни начини за згрижување деца особено во руралните општини** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.6.1 Инвестиции во јакнење на локалната инфраструктура на детски градинки и центри за ран детски развоји обезбедување поддршка за руралните ЕЛС за организирање алтернативни начини за згрижување деца | МТСП и МОН во соработка со ЕЛС | 2021-2023 | 71 детски градинки во 60 ЕЛС (во 21ЕЛС има 41 група за згрижување на деца во други просторни услови) а во рамките на 15 градинки има 35 центри за ран детски развој.<br>40,2% од децата од 3-6 годишна возраст биле запишани во лиценцирани институции за образование и грижа во рано детство во 2019/2020. | 12 нови јавни установи за деца - детски градинки до крај на 2023 година.<br>55% од децата од 3-6 годишна возраст се запишани во лиценцирани институции за образование и грижа во рано детство во 2023/2024 учебна година.<br>Воспоставени се алтернативни начини за згрижување деца во минимум 10 рурални ЕЛС. |

27 Со новиот Закон за социјална заштита е овозможено социјални услуги да бидат давани од различни физички и правни лица, вклучувајќи и граѓански здруженија врз основа на систем за лиценцирање на давателите на социјални услуги/ Предвидено е финансирање на социјалните услуги преку редовни годишни повици на МТСП за обезбедување социјални услуги од општините, здруженијата и приватните даватели на социјални услуги. Цените на услугите се определени преку Методологија за утврдување на цените на социјалните услуги.

| Активности | Носител (и) | Временска рамка | Индикатор на постоечка состојба | Индикатор на очекуван резултат |
|---|---|---|---|---|
| 3.2.6.2 Натамошно ширење и унапредување на мрежата и капацитетите за институционално сместување и грижа за старите лица преку изградба на нови, проширување на постојните домови, или соодветна адаптација и пренамена на други капацитети; подобрување на вкупните инфраструктурни и кадровски услови и опременоста за долготрајна нега; поттикнување на меѓуопштинската соработка во планирањето и инвестициите во овој домен; подобрување на управувањето со пензионерските домови и на условите за живеење во нив. | МТСП во соработка со ЕЛС | 2021-2023 | 5 јавни установи во 5 ЕЛС за згрижување на стари лица. | Создавање на минимум уште две установи за згрижување на стари лица. |
| **Мерка 3.2.7: Стимулирање на меѓуопштинската соработка и подготовка и спроведување на програми за развој на капацитети и стручно оспособување на вработените во општините** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.7.1 Функционална анализа и формирање засебни организациски единици за социјална заштита и заштита на децата во поголемите урбани општини | ЕЛС во соработка со МЛС и МТСП | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС со комбинирани и засебни организациски единици за социјална заштита и заштита на децата ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Направена функционална анализа и оформени одделенија за социјална заштита и заштита на децата во минимум 15 поголеми урбани општини. |
| 3.2.7.2 Подготовка и реализирање на обуки за вработени во општините за социјална заштита и заштита на децата | МТСП и ЦСР во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021 - 2023 | Бројот на ЕЛС во кои се спроведени обуки за вработените ќе се утврди со првата наредна анкета во ЕЛС | Минимум по едно вработено лице во секоја ЕЛС ја има совладано обуката. |
| 3.2.7.3 Воспоставување облици на меѓуопштинската соработка во областа на социјална заштита и заштита на децата (работни тела, заедничка администрација, заеднички установи и други облици утврдени со Законот за МОС во зависност од потребите) особено помеѓу руралните општини. | ЕЛС со поддршка на МТСП и МЛС | 2021-2023 | Нема воспоставени облици на МОС во областа на социјална заштита и заштита на децата. | Воспоставени се минимум три облици на МОС. |
| **Мерка 3.2.8: Интегрирање на услугите поврзани со социјалното домување во областа на социјалната заштита како локална надлежност и обезбедување стабилно финансирање во комбинација со наменски трансфери на средства од Централниот буџет** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.8.1 Унапредување на нормативната рамка за социјалното домување преку подготовка и донесување на Национална стратегија за домување и донесување на Закон за социјално домување со уредување на клучните категории на самостојно домување, живеење со поддршка, субвенционирање на домувањето и непрофитно домување | МТСП и МТВ во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2021-2022 | Не се донесени Националната стратегија за домување и Законот за социјално домување. | Донесени се Националната стратегија за домување и Законот за социјално домување. |
| 3.2.8.2 Подготовка и спроведување на Детален план за трансфер на надлежноста и ресурсите поврзани со социјалното домување | МТВ во соработка со МТСП, ЕЛС и ЗЕЛС | 2022 – 2023 | Социјалното домување е централизирана надлежност. | Спроведен трансфер на надлежноста и ресурсите на ЕЛС до крај на 2023 година. |

| **Мерка 3.2.9: Усвојување на пристап „од долу нагоре“ за креирање на локалните услуги заедно со крајните корисници и развој на нови социјални услуги за поддршка на лицата со попреченост** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.9.1 Натамошно координирање и вклучување на сите засегнати страни (корисници на услуги и здруженијата на граѓани)во заедницата, во процесот на обезбедување квалитетни и иновативни социјални услуги особено за лицата со попреченост (формирање на општински лаборатории за заедничко креирање на социјални услуги со крајните корисници и други инвентивни облици на комуникација и соработка со корисниците на услугите). | ЕЛС во соработка со МТСП, ЦСР, ДЦЛП иФИТР во соработка со Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченост, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС кои применуваат методи на заедничко креирање на социјални услуги со корисниците ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Формирани се општински лаборатории или други сродни облици за заедничко креирање на услуги во минимум 10 ЕЛС. |
| 3.2.9.2 Подобрување на пристапноста во објектите на општините и сите општински јавни установи и ЈКП: надврешна и внатрешна пристапност, лифтови, рампи покрај скалила, адаптирани тоалети, ангажирање на преведувачи на знаковен јазик заради соодветен пристап до услуги за глувите лица, адаптација на веб страните на општините во пристапен формат за слепи лица, а имаат пристап до информациииите кои ги нудат истите, поставување дополнителни информативни табли во институциите отворени за јавноста, изработени на Брајова азбука и сл. | ЕЛС во соработка со МТСП, МОН, МК и Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченост | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС во кои се неопходни наведените интервенции ќе се утврди со првата наредна анкета во ЕЛС | Подобрена е пристапноста во објектите на општините и сите општински јавни установи и ЈКП во минимум 30% од општините |
| **Мерка 3.2.10: Засилено спроведување на Стратегијата за ромите и поврзаните акциски планови во сите тематски области, формирање на координативни тела во општините и обезбедување зајакната координација со националното координативно тело** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.10.1 Проширување на опфатот на ромски деца во предучилишно образование (детски градинки) преку ослободување од партиципација на родителите. | МТСП, ЕЛС и ЗЕЛС во соработка со РЕФ (Ромски едукативен фонд) | 2021-2023 | Во предучилишното образование во 2019/2020 опфатени се 273 деца од ромската заедница во 15 ЕЛС (15 градинки). | Минимум:<br><br>415 деца -2022 год.<br><br>430 деца - 2023 год. |
| 3.2.10.2 Континуирано спроведување на одлуката на МТСП од декември 2018 година, со која се бара од општините да ги покријат сите трошоци на пред-училишното образование за вклучените деца од заедницата на ромите. | МТСП, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Одлуката се однесува на 23 ЕЛС.<br>Приближно 45 % од заедницата на Ромите живее во десет ЕЛС а 43,1% од Ромите живат во главниот град Скопје. 14 ЕЛС имаат подготвено и спроведуваат Акциски планови (2019) | Спроведена одлука од страна на сите ЕЛС каде во пред-училишното образование се вклучени деца од заедницата на ромите.<br>Преостанатите 9 ЕЛС подготвиле и спроведуваат Акциски планови. |

| **Мерка 3.2.11: Воспоставување систематска соработка помеѓу центрите за социјална работа, општините, центрите за вработување, здруженијата на граѓани, училиштата, полициските станици и други организации за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал а особено превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.11.1 Формирање на хетерогени работни тимови на ниво на ЕЛС за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал а особено превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција[28]. | ЕЛС во соработка со МВР, МТСП, ЦСР-МОН, Центри за вработувањеи ЗГ | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС кои адресираат социјални проблеми поврзани со стапката на криминал и спроведуваат превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Формирани хетерогени тимови во минимум 20 ЕЛС. |
| **Мерка 3.2.12: Проширување на мрежата на засолништа за жртви на родово засновано насилство** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.12.1 Воспоставување советувалишта и центри за бесплатна правна помош за жртви на родово засновано насилство. | МТСП, ЦСР, ЕЛС и здруженија на граѓани | 2021 - 2023 | Воспоставени се две советувалиштаи 6 центри за бесплатна правна помош. | Воспоставување минимум уште 5 советувалишта и 6 центри за бесплатна правна помош. |
| 3.2.12.2 Воспоставување засолништа за жртви на родово засновано насилство (минимум едно засолниште во секој плански регион). | МТСП, ЦСР, ЕЛС и здруженија на граѓани | 2021 - 2023 | Воспоставени се 5 засолништа (сместување до 6 месеци), три кризни центри (Скопје, Штип и Прилеп) и еден во Струмица (сместување од 24 до 48 часа). | Воспоставени се дополнителни три засолништа (сместување до 6 месеци). |
| **Мерка 3.2.13: Целосно спроведување на новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите со фокус на мерки и активности за унапредување на родовата еднаквост во сите хоризонтални програми на општините, јакнење на улогата на општинските координатори за еднакви можности и на структурните врски помеѓу Комисиите за еднакви можности и советите на општините и локализирање на Индексот на родова еднаквост** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.2.13.1 Подготовка и реализирање на обуки за членовите на општинските совети и администрацијата за родова еднаквост. | ЕЛС во соработка со МТСП и здруженија на граѓани | 2021-2023 | Обучени се 320 општински советници и врботени во администрација во 24 ЕЛС. | Реализирани се обуки за општински советници и лица вработени во администрација во минумум 10 дополнителни ЕЛС. |
| 3.2.13.2 Јакнење на улогата на општинските координатори/ки за еднакви можности и на структурните врски помеѓу Комисиите за еднакви можности и советите на општините и подобрување на условите за работа на Комисиите за еднакви можности. | ЕЛС во соработка со МТСП и здруженија на граѓани | 2021-2023 | 12 координатори/ки на КЕМ биле инволвирани во процесот на носење на општинските буџети од страна на советите на ЕЛС. | Инволвирање на 10 дополнителни координатори/ки на КЕМ во процесот на носење на општинските буџети од страна на советите на ЕЛС. |
| 3.2.13.3 Партиципативна подготовка, буџетирање и спроведување на програми за социјална кохезија, недискриминација и еднакви можности на локално ниво. | ЕЛС во соработка со МТСП и здруженија на граѓани | 2021-2023 | 40 ЕЛС спроведуваат програми за социјална кохезија, недискриминација и еднакви можности. | Минимум 10 дополнителни ЕЛСспроведуваат програми за социјална кохезија, недискриминација и еднакви можности/ |
| 3.2.13.4 Воспоставување на одржлив механизам и системска рамка за редовно мерење на индикатори за родова еднаквост на локално ниво и како прв чекор утврдување на минимум индикатори и собирање на родово разделени податоци | МТСП во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС и здруженија на граѓани | 2021-2022 | Индексот за општински развој https://golocal.mk/mdi/mdi-mk.html има интегрирано родова перспектива и податоците ги следи по пол. | Воспоставен е одржлив механизам и системска рамка за редовно мерење на индикатори за родова еднаквост на локално ниво. |

28 Препорака од консултациите е овие хетерогени тимови да бидат сочинети минимум од претставници на центрите за социјална работа, општините, центрите за вработување, здруженијата на граѓани, училиштата и полициските станици.

| **Приоритет 3.3:Развој на единиците на локалната самоуправа преку културата** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка 3.3.1: Функционална децентрализација и деметрополизација на културата** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.3.1.1 Донесување на законите за култура и заштита на културното наследство, како и на Националната стратегија за заштита на културното наследство. | МК | 2021 | Двата закона и Стратегијата се во постапка на донесување. | Донесени се двата закона и Стратегијата. |
| 3.3.1.2 Постепено зголемување на блок дотациите за пренесените установи од културата со цел да се задоволат сите реални потреби вклучувајќи ги не само средствата за тековно и материјално одржување, туку и за подобрување на состојбата на објектите и нивната функционалност. | МК | 2021-2023 | Дотациите се распредулваат согласно со донесена Уредба на Владата на Република Северна Македонија | Постепено зголемен износ на блок дотациите за мин. 5 % на годишна основа. |
| 3.3.1.3 Создавање правна рамка за доделување на „грант дотации" за култура во сите општини, независно дали имаат или немаат локални установи. | МК во соработка со МФ, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021 - 2022 | Не е воспоставена грант дотација како засебен облик на дотација. | Воспоставена е нова грант дотација за култура и истата се спроведуваод 2023 година. |
| 3.3.1.4 Обезбедување минимум едно вработено лице во администрацијата на сите ЕЛС и воспоставување на заедничка администрација и други соодветни облици на меѓуопштинска соработка во културата (заеднички локални установи, здружување на средства за реализација на проекти од културата и сл.) особено на помалите претежно рурални општини. | ЕЛС во соработка со МЛС и МК | 2021-2023 | Нема воспоставени облици на МОС во културата. | Воспоставени се минимум три облици на МОС во културата. |
| 3.3.1.5 Обезбедување стабилни механизми на ко-финансирање на учесници во програми и проекти на ЕУ и други меѓународни и регионални соработки на национално и локално ниво. | МК | 2021-2023 | Не е воспоставен одржлив систем за кофинансирање. | Обезбедени се стабилни механизми на ко-финансирање. |
| **Мерка 3.3.2: Постепен трансфер на дел од установи од националната мрежа со фокус на центрите за култура** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.3.2.1 Подготовка на анализа, утврдување критеруми и подготовка и реализација на Детален план за трансфер на дел од центрите за култура на општините. | МК во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021 - 2023 | Воспоставени се мрежи на национални и локални установи од културата. | Реализиран е трансфер на идентификувани центри за култура на општините согласно со Деталниот план. |
| 3.3.2.2 Истражување на можносите со анализа и подготвка на оперативен план за создавање на најмалку еден културен центар на заедницата во секоја општина со што би се поттикнал локалниот развој, особено на креативните индустрии | МК во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021 - 2022 | Не е спроведено истражување на можностите и не е подговен оперативен план. | Спроведено е истражување и подготвен е оперативен план за создавање на најмалку еден културен центар на заедницата во секоја општина во 2023 г. |
| **Мерка 3.3.3: Подготовка и спроведување на програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници како и програми за поддршка на активности за младите, жените и ранливите групи од населението** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.3.3.1 Развој и спроведување на интеркултурни програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници и интеркултурализмот. | МК во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021 - 2023 | Бројот на ЕЛС во кои се спроведуваатинтеркултурни програмиќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Бројот на ЕЛС каде се спроведуваат интеркултурни програми е зголемен за 20%. |
| 3.3.3.2 Обезбедување приоритетна финансиска и техничка поддршка за интердисциплинарни или интерсекторски проекти во кои учество земаат лица од ранливите категории по сите основи[29]. | МК во соработка со МТСП (ЦСР и ДЦЛП), ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2022-2023 | Бројот на ЕЛС во кои се спроведуваатпроекти од културата со вклученост на ранливи групиќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Бројот на ЕЛС во кои се спроведуваатпроекти од културата со вклученост на ранливи групи е зголемен за 20%. |

29 Препорака од спроведените консултации е овие проекти да опфатат содржини кои се залагаат за елиминирање на национализмот, ксенофобијата, етничките стеги, религиозна, родова, полова и секаква друга дискриминација.

| **Мерка 3.3.4: Јакнење на кадровските, инфраструктурни, технички и програмски капацитети на сите локални чинители покрај мрежата на локални установи во областа на културата за осмислување локални културни политики и среднорочни и долгорочни стратегиски планови за локален културен развој** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почетна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.3.4.1 Подготовка и спроведување на обуки за осмислување локални културни политики вклучувајќи развој на културни индустрии и подготовка на среднорочни и долгорочни стратегиски планови за локален културен развој. | ЕЛС и ЗЕЛС во соработка со МК | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС каде се спроведени обуки ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Бројот на ЕЛС во кои се спроведени обуки е зголемен за 20%. |
| 3.3.4.2 Воспоставување континуиран мониторинг и генерирање статистика (разделена по основ на родова и етничка припадност) за културните настани и проекти на локалните културни установи и општините врз основа на тематски извештаи. | МК во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Не е воспоставен систем за континуиран мониторинг и генерирање статистика. | Воспоставен е систем за континуиран мониторинг и генерирање статистика за културните настани на сите локални културни установи иЕЛС. |
| 3.3.4.3 Засилена меѓуинституционална соработка со целосна вклученост на локалната самоуправа во заштитата на културното наследство и спречување на диво градби особено на места со статус „културно наследство со особено значење“ (како што се историското јадро на градот Охрид, Старата чаршија во Скопјеи др.). | МК во соработка со Совет за инспекциски надзор, Државенинспекторат за градење, МТВ, МЖСПП, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС со евидентирани диво градби во подрачја со статус на „културно наследство со особено значење“ ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Бројот на ЕЛС со евидентирани диво градби е зголемен за 50% и воспоставен е ефикасен и ефективен систем за нивно спречување во подрачја со статус на „културно наследство со особено значење“. |
| **Мерка 3.3.5: Воспоставување на партнерства со вон-институционалниот сектор со цел да се искористи целокупниот потенцијал на културата за забрзан развој на локалните културни и креативни индустрии како темел на развојот на туризмот, занаетчиството и други поврзани економски гранки** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почетна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.3.5.1 Воспоставување на јавно-приватни партнерства за развој на културните и креативните индустрии[30]. | ЕЛС во соработка со приватен сектор, МЕ, АППТ и МК | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС со воспоставени ЈПП во културата ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Воспоставени се минимум 5 ЈППод страна на ЕЛС за развој на културните и креативните индустрии и унапредување на културниот туризам. |
| 3.3.5.2 Програмска поддршка за забрзан иновативен развој на културните и креативните индустрии во општините[31]. | ФИТР во соработка со МК, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Не постои засебна програма | Подготвена е и се спроведува Програма за поддршка на иновативен развој на културните и креативните индустрии во минимум 10 ЕЛС |
| 3.3.5.3 Диверсификација на изворите за финансирање на културата преку системот на даночни олеснувања и поттикнување на донаторство, спонзорирање, меценството и други форми на финансирање. | МК во соработка со МФ, МЕ, ЕЛС и ЗЕЛС | 2022-2023 | Не е воспоставен целосно диверсифициран систем на извори на финансирање на културата. | Воспоставен е диверсифициран систем на извори на финансирање на културата. |
| **Мерка 3.3.6: Обезбедување систематска поддршка за постепено основање на Младински културни центри како мултимедијални центри во градовите** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почетна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.3.6.1 Анализа на можностите и подготовка на елаборати за економска оправданост и одржливост за основање младински културни центри како мултимедијални центри во поголемите градови. | ЕЛС во соработка со МК | 2021-2022 | Недостасува подетална анализа. | Подготвена е анализа на можностите со елаборати за економска оправданост и одржливост. |
| 3.3.6.2 Основани се Младински културни центри како мултимедијални центри во поголемите градови. | ЕЛС во соработка со МК | 2023 | Еден МКЦ во Скопје. | Воспоставени се нови МКЦ во минимум три поголеми града. |

30 Препорака од консултациите со засегнатите страни е да се продлабочи соработката со локалниот деловен сектор, особено заради унапредување на културниот туризам, на пример, со туристичките агенции за таканаречените „културни патеки“, културните индустрии и занаети, како и независната културна сцена.

31 Поддршка за сновање креативни центри и инкубатори каде што млади и стартап фирми, здруженија на граѓани и самостојни уметниици, фриленсери ќе ги имаат сите можности да работат заедно и да создаваат заеднички културни производи и услуги и сл.

| **Приоритет 3.4:Унапредување на спортот и рекреацијата во единиците на локалната самоуправа** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка 3.4.1: Ревитализација на постоечката и создавање нова, квалитетна и енергетски ефикасна инфраструктура за спорт и рекреација во сопственост на единиците на локалната самоуправа „отворена за сите“, со цел да се развива спортот и спортската култура, спортскиот туризам и спортските индустрии** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.4.1.1 Воспоставување јавно-приватни партнерства на ЕЛС за изградба на спортско-рекреативни центри и давање на поврзани услуги како и за развој на спортскиот туризам и индустрии. | ЕЛС во соработка со АМС,МЕи МЗВШ | 2021-2023 | Бројот на воспоставени ЈПП од страна на ЕЛС ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС | Воспоставени се минимум 3 ЈПП во ЕЛС. |
| 3.4.1.2 Континуирани инвестиции во реконструкција на спортски сали, фудбалски стадиони, изградба на фитнес зони и училишни пливачки базени и друга спортска инфраструктура низ поблиска соработка со општините. | АМС во соработка со МОН и ЕЛС | 2021-2023 | 2007 – 2017 година: изградени се 16 спортски сали, 15 фудбалски игралишта, 21 повеќенаменско игралиште, 14 тениски игралишта, 5 фитнес зони и два затворени базени | Реализирање на годишните програми за инвестиции на АМС и МОН |
| 3.4.1.3 Креирање на механизам за воедначена поддршка на сите општини од Буџетот на Република Северна Македонија. | АМС во соработка со МФ и ЕЛС | 2021-2023 | Нема целосни податоци за постоечката состојба со спортската инфраструктура. | Воспоставен е механизам за воедначена поддршка на ЕЛС. |
| **Мерка 3.4.2: Создавање засебна база на податоци (со родово разделени податоци) за пренесената инфраструктура во сопственост на општините, инфраструктурата која е планирано да се пренесе на општините, бројот на спортски клубови потпомогнати од општините и да се овозможи повисок степен на родова еднаквост во спортот** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.4.2.1 Создавање и водење засебна база на податоци (со родово разделени податоци) за реализација на услуги поврзани со спортот и рекреацијата во ЕЛС. | АМС во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Не е воспоставена база на податоци за услуги поврзани со спортот во ЕЛС. | Создадена е и се ажурира на годишно ниво родово разделена база на податоци. |
| 3.4.2.2 Процедурално вклучување на единиците на локалната самоуправа во реализацијата на ваучер системот каде приоритет треба да имаат младите и жените спортисти како и создавање на засебен финансиски инструмент за поттикнување на спортисти од ранливите групи и лицата со попреченост. | АМС во соработка со ЕЛС | 2022-2023 | ЕЛС не се вклучени во реализацијата на ваучер системот. Не е создаден засебен финансиски инструмент за поттикнување на спортисти од ранливите групи и лицата со попреченост. | Сите ЕЛС се процедурално вклучени во реализацијата на ваучер системот.<br><br>Воспоставен е засебен финансиски инструмент за поттикнување на спортисти од ранливите групи и лицата со попреченост. |
| 3.4.2.3 Мапирање и анализа на бројот на женски спортски клубови по ЕЛС во однос на машките спортски клубови, како и соодносот на финансиските средства што се издвојуваат за двете категории. | АМС во соработка со ЕЛС и спортски федерации | 2021-2022 | Не е направена анализа. | Направена е анализа и препораките се земени предвид при дистрибуција на средства. |
| 3.4.2.4 Остварвување повисок степен на застапеност на жените во органите на управување на спортските клубови и федерации овозможувајќи на тој начин многу позасилен развој на спортови од интерес за жените и на женските спортски клубови. Федерациите кои добиваат финансиски средства од државниот буџет да обезбедат функционирање на машки и женски спортски клубови и/или репрезентации. | АМС во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021- 2023 | Не е достапен податок за број на жени во органите на управување. | Минимум 40% жени во органите на управување на спортските клубови и федерации.<br><br>Сите федерации кои добиваат средства со државниот буџет имаат обезбедено функционирање на женски тимови и/или репрезентации. |

| **Мерка 3.4.3: Забрзување на трансферот на спортските објекти со кои управува државата заедно со вработените лица на општините преку претходно и целосно разрешување на имотно-правните односи** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.4.3.1 Подготовка на Извештај со продлабочена анализа на спортските објекти со кои управува државата (категорија на објекти, правен статус, сопственост, квалитет на објектите и потреби за обнова и сл) и препораки за трансферирање на правото на сопственост и/или управување на ЕЛС. | АМС | 2021-2022 | Не е подтовенинтегрален Извештај. | Подготвен е Извештај со продлабочена анализа на спортските објекти. |
| 3.4.3.2 Подготовка на Детален план за трансфер на спортски објекти и вработени на општините. | АМС во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2023 | Не е подготвен Детален план. | Подготвен е Детален план за трансфер на спортски објекти и вработени на општините. |
| **Мерка 3.4.4: Воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за заедничко управување со спортските објекти и поголеми и позначајни рекреативни зони од микро-регионално или регионално значење** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.4.4.1 Воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за заедничко управување со спортските објекти и поголеми и позначајни рекреативни зони/целини од микро-регионално или регионално значење. | ЕЛС во соработка со МЛС и АМС | 2022-2023 | Не се воспоставени облици на МОС во спортот и рекреацијата. | Воспоставени се минимум три облици на МОС во спортот и рекреацијата. |
| **Мерка 3.4.5: Соработка на општините со АСМ и МОН за формирање на училишни спортски екипи и лиги како појдовна точка за институционално градење на масовниот спорт во општините** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 3.4.5.1 Подготовка на Извештај со анализа на бројот на формирани спортски екипи во училиштата, по вид на спортови, по родова застапеност и училишна инфраструктура за спорт и формирање на училишни спортски екипи во секоја ЕЛС. | АМС и МОН во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС и спортски федерации | 2021-2023 | Бројот на формирани спортски екипи во училиштата по ЕЛС<br>ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Подготвен е Извештај со анализа.<br><br>Формирани се училишни спортски екипи во секоја ЕЛС. |
| 3.4.5.2 Подготовка на акциски планови на ЕЛС за препознавање на спортски таленти, во рамките на масовниот, односно училишниот спорт. | ЕЛС во соработка со АМС, МОН и спортски федерации | 2022-2023 | Нема практика на подготовка на акциски планови за препознавање и поддршка на спортски таленти во училиштата. | Подготвени се акциски планови за препознавање и поддршка на спортски таленти во училиштата во минимум 10 ЕЛС. |

| **Компонента 4:ЗГОЛЕМЕНА ОТПОРНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 4.1: Унапредени стандарди на урбанистичко планирање и градење во функција на забрзан социо-економски развој, заштита на животната средина и климата** | | | | |
| **Мерка 4.1.1: Унапредување на стандардите за урбанистичко планирање со цел да се одговори на здравствените, социо-економските и еколошките влијанијата на кризата предизвикана од Ковид 19 како и понагласените предизвици поврзани со аерозагадувањето и климатските промени и намалувањето на ризикот од катастрофи** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.1.1.1 Подготовка и донесување на сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за урбанистичко планирање со цел да се овозможи негово ефикасно спроведување. | МТВ | 2021 | Сите подзаконски акти треба да се усогласат со новиот Закон за УП. | Донесени се сите подзаконски акти за ефикасно спроведување на Законот за УП |
| 4.1.1.2 Носење нов Закон за градење. | МТВ | 2021-2022 | Подготвен е консолидиран нацрт на законот и во тек е партиципативен процес за негово финализирање. | Донесен е Закон за градење. |
| 4.1.1.3 Подготовка и донесување на засебен Закон за просторно планирање со кој меѓуостанатото ќе се уреди хиерархиската поставеност и обусловеност на просторните и урбанистичките планови и примената на современи стандарди за забрзан просторен и социо-економски развој и заштита на животната средина и климата. | МЖСПП | 2021-2022 | Започната е подготовка на законот. | Донесен е Закон за просторно планирање. |
| 4.1.1.4Динамизирана подготовка на урбанистички планови согласно со новиот Закон и Правилник за урбанистичко планирање | ЕЛС | 2021-2023 | 419 урбанистички планови. | Минимум 450 урбанистички планови. |
| 4.1.1.5 Анализа на ефектите од примената на новиот Правилник за урбанистичко планирање, генерирање и дисеминицаја на добри практики[32]. | МТВ во соработка со МЖСПП, ЕЛС, ЗЕЛС и ЗГ | 2023 | Донесен е нов Правилник за урбанистичко планирање во септември, 2020 година | Извештај со анализа на ефектите од примената на новиот Правилник за урбанистичко планирање, идентификувани и дисеминирани добри практики |
| **Мерка 4.1.2: Преиспитување на сообраќајните решенија со цел создавање на сообраќајни услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (издвоени брзи ленти и сл.) и други превозни средства кои не предизвикуваат аерозагадување** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.1.2.1 Преиспитување на сообраќајните решенија во населените места во ЕЛС во контекст на кризата со Ковид 19 и потребата од создавање на сообраќајни услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (издвоени брзи ленти и сл.) и други превозни средства кои не предизвикуваат аерозагадување. | ЕЛС и ЗЕЛСво соработка со МТВ и МЖСПП | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС со прилагодени сообраќајни решенија ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Минимум 15 урбани општини ги прилагодиле сообраќајните решенија. |
| **Мерка 4.1.3: Воведување современи стандарди за урбана и социо-економска регенерација на деградирани делови од подрачјата во градовите и селата, заштита на урбаното зеленило и подрачјата за рекреација, како и на културното наследство** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.1.3.1 Мапирање на подрачја во населените места каде е неопходна урбана и социо-економска регенерација на деградирани делови, зајакната заштита на урбаното зеленило и подрачјата за рекреација, како и на културното наследство. | ЕЛС во соработка со МТВ, МЖСПП и МК | 2022-2023 | Не е спроведено интегрално мапирање. | Подготвен е Извештај со листа на подрачја во населените места каде е неопходна урбана и социо-економска регенерација. |

32 Анализата е неопходна за да се генерираат и дисеминирииаат добри практики на примена на стандардите за сообраќајни решенија и мобилност со помал јаглероден отпечаток, зголемена површина под урбано зеленило и подрачја за пешачење и рекреација, зонирање на потенцијално загадувачки индустрии и воспоставување зелени појаси, користење на обновливите извори на енергија во населени места, ублажување на климатските промени и адаптацијата кон нив (град сунѓер), интегрирани проценки на ризици и опасности со цел намалување на ризици од поплави, шумски пожари и сл.

| **Мерка 4.1.4: Унапредување на сите партиципативни аспекти на процесот на урбанистичко планирање и понатамошна дигитализација на процесите и процедурите** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.1.4.1 Вклучување на стручната и општата јавност во годишната анализа на спроведувањето на урбанистичките планови и во почетната фаза на подготовка на годишните програми за изработка на урбанистичките планови на општините. | ЕЛС | 2021-2023 | Број на ЕЛС кои ја вклучиле стручната и општата јавност ќе биде утврден низ првата наредна анкета во ЕЛС. | Минимум 20 ЕЛС ја вклучиле стручната и општата јавност во годишната анализа и почетната фаза на подготовка на годишните програми за изработка на УП. |
| 4.1.4.2 Оформување на Комисиите за урбанизам во сите ЕЛС. | ЕЛС | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС со оформени Комисии за урбанизам ќе биде утврден со првата наредна анкета во ЕЛС. | Сите ЕЛС имаат воспоставено Комисија за урбанизам. |
| 4.1.4.3 Целисходно буџетирање и спроведување на стручни расправи, јавни презентации со јавни расправи и јавни анкети. | ЕЛС во соработка со ЗГ | 2021-2023 | Бројот на одржани стручни расправи, јавни презентации со јавни расправи и јавни анкети ќе се утврди со првата наредна анкета во ЕЛС. | Зголемен е бројот на одржани стручни расправи, јавни презентации со јавни расправи и јавни анкети во ЕЛС за минимум 20%. |
| **Мерка 4.1.5: Премин кон урбанистичко планирање кое е родово сензитивно и сензитивно на потребите на најранливите категории од населението** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.1.5.1 Обезбедување навремена информираност на сите граѓани преку најразлични канали на комуникација земајќи предвид дека најранливите категории најчесто немаат достапност до технологија и современи начини на споделување на информации поврзани со постапката за подготовка и донесување на урбанистичките планови. | ЕЛС во соработка со ЗГ | 2021-2023 | Модалитетите за комуникација со и нформирање на ранливите групи ќе бидат мапирани со првата наредна анкета во ЕЛС. | Минимум 20 ЕЛС применуваат прилагодени алатки за комуникација и информирање на ранливите групи. |
| 4.1.5.2 Вградување на стандарди за родово сензитивно урбанистичко планирање (РЗУП) во Правилникот за урбанистичко планирање. | МТВ | 2022-2023 | Не се вградени РЗУП стандарди во Правилникот за урбанистичко планирање. | Вградени се стандарди за РЗУП во Правилникот за урбанистичко планирање. |
| **Мерка 4.1.6: Јакнење на капацитетите на локалната администрација за управување со просторни и нумерички податоци и прогнозирање на просторните и социо-економските трендови** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.1.6.1 Подготовка и спроведување на обуки за јакнење на капацитетите на општинската администрација за управување со просторни и нумерички податоци и прогнозирање на просторните и социо-економските трендови согласно со барањата на транспонираната INSPIRE Директивата на ЕУ во Законот за национална инфраструктура на просторни податоци. | МТВ и АКН во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС вклучени во обуки ќе се утврди преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Зголемен е бројот на ЕЛС вклучени во обуки за минимум 20 %. |
| 4.1.6.2 Спроведување на обуки за користење на Графичкиот регистер на градежно земјиште | АКН во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС вклучени во обуки ќе се утврди преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Зголемен е бројот на ЕЛС вклучени во обуки за минимум 20 %. |
| 4.1.6.3 Спроведување на обуки за валидација на теренските прибрани податоци за улици и куќни броеви во функција на Графичкиот регистер за улици и куќни броеви | АКН во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС вклучени во обуки ќе се утврди преку првата наредна анкета во ЕЛС. | Зголемен е бројот на ЕЛС вклучени во обуки за минимум 20 %. |

| **Приоритет 4.2:Унапреден квалитет и зголемен опфат на население со комунални услуги** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка 4.2.1: Подготовка на 4 - 8 или повеќегодишни инвестициски планови со специфични проектни пакети и техничка и финансиска документација (Investment pipeline), засновани на студии на економска оправданост кои е пожелно да се подготвуваат во соработка со донаторите и меѓународните финансиски организации** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.2.1.1 Подготовка на интегрални повеќегодишни инвестициски планови за развој на комуналната инфраструктура (со специфични проектни пакети и техничка и финансиска документација). | МЖСПП и МТВ во соработка со ЕЛС, ЗЕЛС, општински ЈКП и АДКОМ | 2021-2023 | Недостасуваат интегрални повеќегодишни инвестициски планови. | Создадени се интегрални инвестициски планови поврзани со инфраструктурата за водни услуги, управување со отпад и локални патишта. |
| 4.2.1.2 Диверсификација на изворите на финансирање на повеќегодишни инвестициски планови за развој на комуналната инфраструктура и мобилизирање на доволно финансиски средства за систематско и постепено надминување на инвестицискиот заостаток. | МФ во соработка со МЖСПП, МТВ, ЕЛС, ЗЕЛС, општински ЈКП и АДКОМ | 2021-2023 | Постоечките извори на финансирање се наведени во тековната Фискална стратегија и ПЕР. | Обезбедени се финансиски средства за реализација на минимум 10% од потребните инвестиции поврзани со инфраструктурата за водни услуги, управување со отпад и локални патишта и истите постепено се реализираат. |
| **Мерка 4.2.2: Систематско и постепено водење на процес на окрупнување на давателите на водни услуги и управителите со отпад преку регионализација и воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.2.2.1 Подготовка на функционална анализа и студии (елаборати) за економска оправданост за окрупнување на давателите на водни услуги и врз основа на наодите и препораките, подготовка на целосна документација за воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија за водни услуги. | ЕЛС (ЈКП и АДКОМ) во соработка со МЖСПП, МТВ и МЛС | 2021-2023 | 69 ЈКП се даватели на водни услуги<br><br>Подготвен е концепт за окрупнување на општинските ЈКП даватели на водни услуги преку ИПА проект (2017). | Подготовена е целосна документација за воспоставување на минимум едно окрупнето ЈКП -давател на водни услуги. |
| 4.2.2.2 Воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија за управување со отпад (само за управување со регионалните депонии или за интегрално управување со отпадот на ниво на плански регион врз основа на претходно подготвена функционална анализа и елаборат за економска оправданост). | ЕЛС(ЈКП и АДКОМ) во соработка со МЖСПП, МОУО и ЦРПР | 2021-2023 | Воспоставено е заедничко ЈКП управител на депонијата Русино во Полошкиот плански регион и подговена е документација за воспоставување на меѓуопштински ЈКП за управување со регионална депонија за уште два региони: Североисточниот и Источниот. | Воспоставено е заедничко јавно претпријатие за депонијата „Мечкуевци" за Североисточниот и Источниот плански регион и уште за четири региони (Југозападен, Пелагониски, Југоисточен и Вардарски) е<br><br>подготовена е целосна документација. |
| 4.2.2.3 Подготовка и спроведување на интегрална Програма со мерки (мапирање и подготовка на техничка документација на постоечката состојба, прецизно утврдување на трошоците за управување и одржување) за пренесување на руралните системи за водоснабдување со коишто управуваат локалните заедници а се изградени од самите жители по пат на самопридонес или во комбинација со донации на целосно управување од страна на општинските ЈКП. | ЕЛС (ЈКП и АДКОМ) во соработка со МЖСПП, МТВ и МЛС | 2021-2023 | Не постои интегрална Програма и преносот на неформалните системи за водоснабдување се реализира споро и парцијално од општина до општина. | Подготовена е и спроведена интегрална Програма со мерки за пренесување на 25% од руралните системи со коишто управуваат локалните заедници за водоснабдување на општинските ЈКП. |

| **Мерка 4.2.3: Воспоставување на економска регулација на тарифи и цени на комунални услуги кои го одразуваат реалниот целосен циклус на оправдани трошоци како и систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП,имајќи ги во предвид субјектите и процедурите кои се утврдени со закон** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.2.3.1 Подготовка и донесување на Методологија за воспоставување на тарифи што го одразуваат реалниот целосен циклус на трошоците за управување со комунален отпад. | РКЕВУ во соработка со МЖСПП и ЕЛС (ЈКП и АДКОМ) | 2021-2022 | Тарифите за услугите за управување со отпад не го одразуваат реалниот целосен циклус на оправдани трошоци. | Воспоставена е економска регулација на тарифите за услугите поврзани со управување со комунален отпад. |
| 4.2.3.2 Создавање на интегрален систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП (започнувајќи со ЈКП кои даваат водни услуги). | МЖСПП и ЕЛС (ЈКП и АДКОМ) | 2022-2023 | Не е воспоставен систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП. | Воспоставен е систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП – даватели на водни услуги. |
| **Мерка 4.2.4: Општинските ЈКП значително да ги подобрат сопствените информациски и управувачки практики и системи** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.2.4.1 Подготовка и спроведување на интегрална Програма за методично водена транзиција на управувачките процеси на ЈКП од годишно кон бизнис планирање и буџетирање за период од три и повеќе години усогласено со барањата на регулацијата на цени на водните услуги но и другите комунални услуги | ЕЛС (ЈКП и АДКОМ) во соработка со МЖСПП и МТВ | 2021-2023 | Не е подготвена интегрална Програма.<br>Давателите на водни услуги подготвуваат три-годишни БП само за водните услуги. | Подготвена е и спроведена интегрална Програма за подобрување на управувачките процеси во минимум 20 општински ЈКП. |
| **Мерка 4.2.5: Обезбедување консензус кај локалните чинители за сите локации за регионални депонии и целосно воспоставување на инфраструктура за управување со отпад на ниво на плански региони вклучувајќи затворање и ремедијација на дивите депонии и унапредување на примарната селекција на изворот на создавање на отпадот преку поврзани стимулации** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.2.5.1 Конечно утврдување на локации за сите регионални депонии | ЕЛС и меѓу-општински одбори за управување со отпад (МОУО) во соработка со МЖСПП | 2021-2023 | 54 нестандардни општински депонии од кои 43 се активни.<br>Определени се локации за изградба на регионални депонии за три плански региони. | Определени се локации за изградба на регионални депонии за сите осум плански региони. |
| 4.2.5.2 Воспоставување на инфраструктура за управување со отпад на ниво на три плански региони (Североисточен, Источен и Полошки плански регион) | ЕЛС (ЈКП) и МОУО во соработка со МЖСПП | 2021-2023 | Не е изградена централна инсталација и претоварни станици во ниту еден од трите пилот плански региони. | Целосно воспоставена инфраструктура за управување со отпад во Североисточниот, Источниот и Полошкиот плански регион. |
| 4.2.5.3 Подготовка и спроведување на Програма за затворање и ремедијација на дивите депонии во три плански региони (Североисточен, Источен и Полошки плански регион). | ЕЛС (ЈКП) и МОУО во соработка со МЖСПП | 2021-2023 | Не се почнати градежните работи за рехабилитација на нестандардните и дивите депонии во трите плански региони. | Подготвена е и се спроведува Програма за затворање и ремедијација на нестандардните и дивите депонии во трите пилот плански региони. |
| 4.2.5.4 Подготовка на локални планови за спречување на создавањето на отпад во согласност со повисоките плански документи и креирање на систем за стимулирање на примарната селекција на изворот на создавање на отпадот. | ЕЛС (ЈКП) и МОУО во соработка со МЖСПП | 2022-2023 | 70% од населението се корисници на услуги на редовно собирање на отпадот (во руралните населби тој процент се движи околу 10%). | Изготвени се локални планови како интегрален дел од општинските планови за УО во минимум 10 ЕЛС. |

| **Мерка 4.2.6: Континуирано спроведување мерки за јакнење на јавната свест низ соработка со здруженија на граѓани** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.2.6.1 Развој и спроведување на програми за едукација и информирање на локалното население и деловните субјекти за мерките за спречување на создавање на отпад. | ЕЛС во соработка со ЗГ и со поддршка на МЖСПП | 2021-2023 | Бројот на ЕЛС кои спроведуваат едукативни програми ќе биде утврден преку спроведување на првата наредна анкета во ЕЛС. | Минимум 10 ЕЛС спроведуваат програми за едукација и информирање на локалното население и деловните субјекти за мерките за спречување на создавање на отпад. |
| 4.2.6.2 Јакнење и поддршка на локални иницијативи за транзиција кон циркуларна економија, вклучувајќи воспоставување конкретна соработка на приватниот сектор со општините, ЈКП и локалните заедниците, со цел да се поттикне споделување на производи и опрема, нивна повторна употреба, пренамена, и сл. | ЕЛС во соработка со ЗГ и со поддршка на МЕ и МЖСПП | 2021-2023 | Не се идентификувани локални иницијативи поврзани со поддршка на транзицијата кон циркуларна економија. | Спроведени се локални иницијативи за поддршка на транзицијата кон циркуларна економија во минимум 10 ЕЛС. |
| **Мерка 4.2.7: Реорганизирање на комунално-редарската служба во единиците на локалната самоуправа** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.2.7.1 Подготовка и донесување на Закон за комунална полиција | МТВ и МЖСПП во соработка со ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2022 | Не е подготвен законот. | Подготвен е и донесен Закон за комунална полиција. |
| 4.2.7.2 Воспоставување на комунална полиција во општините. | ЕЛС | 2023 | Не е воспоставена комунална полиција поради немање законски основ. | Воспоставена е комунална полиција во минимум 25% од ЕЛС. |
| 4.2.7.3 Засилена контрола на загадувачите вклучувајќи надзор врз постапки за увоз и извоз на отпад, собирање, складирање, преработка и третман на сите видови на отпад (зајакната инспекциска контрола на правните лица кои поседуваат дозволи за собирање, транспорт, преработка и третман на отпад, како и кај создавачите на истиот). | ДИЖС во соработка со општинските ИЖС | 2021-2023 | Во 2020 г. ДИЖС направил 721 редовни, вонредни и контролни надзори.Бројот на направени контроли од општинските ИЖС ќе биде утврден преку спроведување на првата наредна анкета во ЕЛС. | Удвостручен е бројот на направени контроли во споредба со базната година. |

| **Приоритет 4.3: Локализирање на климатската акција и подобрена заштита на животната средина и природата** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка 4.3.1: Унапредување на нормативната рамка и националните политики од областа на животната средина и климатските промени, доуредување на надлежностите на општините во насока на поголема автономија во нивното извршување и јакнење на со закон утврдените механизми за финансирање на пренесените надлежности на општините** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.3.1.1. Подготовката на Закон за климатска акција и сеопфатна климатска стратегија, во согласност со рамката на ЕУ 2030. | МЖСПП | 2021 - 2022 | Подготвени се Нацрт Стратегија и Закон за климатска акција. | Донесени се Закон и Стратегија за климатска акција. |
| 4.3.1.2 Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух и подготовка и донесување на нов петгодишен Национален План и Национална Програма за обезбедување квалитет на амбиентниот воздух[33]. | МЖСПП | 2021-2023 | Подготвен е Предлог на Закон за ИД на Законот за квалитет на амбиентниот воздух.<br>Националниот план за заштита на амбиентниот воздух 2013-2018 е истечен. | Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух и подготвен е нов петгодишен Национален План и Национална Програма за обезбедување квалитет на амбиентниот воздух. |
| 4.3.1.3 Донесување на Законот за контрола на индустриски емисии и унапредување на стандардите поврзани со квалитет на горива, превозни средства и индустриски емисии. | МЖСПП | 2021-2022 | Подготвен е Предлог на Закон и нацрти на поврзани подзаконски акти. | Донесен е Закон за контрола на индустриски емисии и подзаконските акти кои што произлегуваат од него. |
| 4.3.1.4 Подготовка и донесување на унапреден Правилник за формата, методологијата и начинот на водење и одржување насо подетален опис на содржината и структурата на Катастар на загадувачи на општините. | МЖСПП | 2021 -2022 | Катастрите се изработуваат согласно со донесен Правилник. | Подготвен е и донесен унапреден Правилник. |
| 4.3.1.5 Донесување на група закони[34] од областа на управувањето со посебните текови на отпад. | МЖСПП | 2021 | Подготвени се предлог закони. | Донесени се новите закони за посебни текови на отпад. |
| 4.3.1.6 Донесување на Законот за инспекција во животната средина | МЖСПП | 2021 | Подготвен е Предлог Закон | Донесен е Законот за инспекција во ЖС. |
| 4.3.1.7 Донесување на Закон за заштита на природното и културно наследство на Охридскиот регион | МЖСПП | 2021 | Подготвен е Предлог Закон | Донесен е Законот. |
| 4.3.1.8 Подготовка и донесување Закон за прогласување на Шар Планина за Национален парк | МЖСПП | 2021-2022 | Подготвен е Нацрт на Закон и одржана е јавна расправа | Донесен е Закон за прогласување на Шар Планина за Национален парк |
| 4.3.1.9 Изработка и донесување на Правилник за плаќање на екосистемски услуги (ПЕУ) вклучувајќи и методологија и упатства за примена на механизмот. | МЖСПП | 2021-2022 | Изготвен е концепт за ПЕУ. | Донесен на Правилник со методологија за ПЕУ. |
| 4.3.1.10 Воведување на забрана за изградба на нови мали хидроелектрани во заштитени подрачја и национални паркови во Законот за заштита на природата. | МЖСПП | 2021 | Потребна е измена и дополнување на Законот за заштита и природата. | Донесен е Закон за измена и дополнување на Законот за заштита и природата. |
| 4.3.1.11 Донесување на четвртиот акциски план за енергетска ефикасност и воспоставување на Фонд за енергетска ефикасност | МЕ | 2021-2023 | Последниот АП за енергетска ефикасност е истечен<br>Не е воспоставен Фондот за ЕЕ. | Донесен е четвртиот АП за ЕЕ и воспоставен е Фонд за енергетска ефикасност |
| 4.3.1.12 Подготовка и донесување на Закон за измени дополнувања на Законот за минерални суровини[35]. | МЕ | 2021 | Подготвен е Предлог на Закон | Донесен е Законот. |

33 Цел на законот е да се доуреди подготовката на општинските планови за квалитет на воздухот и на краткорочните акциски планови, како и да се овозможи поефикасно спроведување на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот.

34 Оваа група на закони ја сочинуваат: Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад; Закон за управување со пакување и отпад од пакување; Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори; Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема и Закон за управување со дополнителни текови на отпад во системот за проширена одговорност на производителот.

35 Една од целите на законот е да се осигура дека по завршување на експлоатацијата се реализира санација и рехабилитација на теренот.

| **Мерка 4.3.2: Сеопфатно јакнење на капацитетите на локалните институционални чинители искористувајќи ги притоа законските можности за воспоставување на заедничка администрација на општините кои немаат доволно човечки ресурси** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.3.2.1 Подготовка и спроведување на сеопфатна програма за развој на административниот капацитет на општините и општинските ЈКП за спроведување на законодавството, процедурите и стандардите поврзани со заштитата на животната средина и природата. | ЕЛС и ЗЕЛС во соработка со МЖСПП | 2021-2023 | Не е подготвена сеопфатна програма. | Подготвена е и спроведена сеопфатна програма за развој на административниот капацитет на минимум 30% од ЕЛС и општинските ЈКП. |
| 4.3.2.2 Воспоставување на заедничка администрација за заштита на животната средина и природата на општините кои немаат доволно човечки ресурси | ЕЛС во соработка со МЛС и МЖСПП | 2021-2023 | Воспоставен е еден облик на МОС во ЖС (Мрежа за заштитен и отпорен Полог) поврзан со управување со ризици од поплави. | Воспоставени се уште минимум три облици на МОС. |

| **Мерка 4.3.3: Продлабочена координација и соработка на државата со единиците на локалната самоуправа, оформување на соодветна и комплексна инвестициска програма за намалување на аерозагадувањето проследена и со низа институционални мерки кои треба да вклучат унапредување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух, засилен инспекциски надзор, подготовка на локални планови за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух а со тоа и локализирање на активностите односно прилагодување на сите мерки и активности на локалниот контекст** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на почеточна состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.3.3.1 Подготовка и спроведување на мултисекторска инвестициска програма со акциски план за намалување на аерозагадувањето, мобилизирање на доволно финансиски средства и постепено но систематско адресирање на поврзаните предизвици. | МЖСПП во соработка со МЕ, ЕЛС и ЗЕЛС | 2021-2023 | Покрај Планот за чист воздух недостасува мултисекторска инвестициска програма со акциски план за намалување на аерозагадувањето | Подготвена е започна да се спроведува мултисекторска инвестициска програма со акциски план за намалување на аерозагадувањето. Мобилизирани се 15% од предвидените финансиски средства. |
| 4.3.3.2 Обезбедување даночни олеснувања при увоз и поволни кредитни линии за набавка на опрема и нови технологии за намалување на загадувањето на животната средина за малите, средни и големи капацитети на економските оператори во индустријата. | МФ во соработка со МЕ и МЖСПП | 2021- 2023 | Нема даночни олеснувања но континуирано се обезбедуваат поволни кредитни линии. | Обезбедени се даночни олеснувања при увоз и поволни кредитни линии. |
| 4.3.3.3 Подготовка и спроведување на плановите за квалитет на амбиентниот воздух на ЕЛС[36]. | ЕЛС со поддршка на МЖСПП | 2021-2023 | Подготвени се планови во 6 ЕЛС. | Се спроведуваат планови во минимум10 ЕЛС. |
| 4.3.3.4 Подготовка и спроведување на обуки за вработените во ЕЛС за спроведување на постапки за оцена на влијанието врз животната средина од планови, програми и проекти како и за водење на постапки поврзани со издавање на Б еколошки интегрирани дозволи. | ЕЛС и ЗЕЛС во соработка со МЖСПП | 2021-2023 | Не се спроведуваат континуирани обуки | Спроведени се обуки за вработените во минимум 30% од ЕЛС. |
| 4.3.3.5 Надградба и одржливо управување со националната мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот[37]. | МЖСПП | 2022-2023 | Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух се состои од 18 автоматски и една мобилна мониторинг станица. | Мрежата е проширена со уште минимум четири мониторинг станици (Прилеп, Охрид, Штип и Берово). |
| 4.3.3.6 Спроведување консултации со општините (ЗЕЛС) околу најсоодветниот модел за изградба на дистрибутивни мрежи на природен гас | МЕ,ЕЛС и ЗЕЛС | 2021 | Не се спроведени консултации. | Спроведени се консултации и избран е најсоодветниот модел за изградба на дистрибутивни мрежи на природен гас. |

36 Приоритетно во ЕЛС кои имаат мониторинг станици и каде што се регистрирано надминувања на гранични вредности

37 Согласно со Програмата на Владата на РСМ предвидено е инвестирање во дополнителни мерни станици низ државата и креирање на посебна софтверска апликација која ќе овозможи полесен и потранспарентен приказ на состојбата со ПМ честичките, како по датум, така и по локација, со соодветни прегледи и извештаи.

| **Мерка 4.3.4: Заострување на прекршочната и казнена политика** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.3.4.1 Кадровско и техничко зајакнување на општинските служби за инспекциски надзор во животната средина и зајакнување на Државниот инспекторат за животна средина | ЕЛС, МЖСПП и ДИЖЗ | 2021-2023 | Бројот на општински инспектори ќе се утврди со првата наредна анкета во ЕЛС.<br>ДИЖС има 19 инспектори за животна средина. | Бројот на општински инспектори и бројот на инспектори во ДИЖС е зголемен за 15%. |
| 4.3.4.2 Овозможување централната лабораторија за животна средина да биде на располагање на локалните инспектори за животна средина | МЖСПП | 2021 | Лабораторијата не е на располагање на општинските инспектори за ЖС | Општинските инспектори за ЖС ја користат централната лабораторија |
| 4.3.4.3 Заострување на казните и прекршоците во целокупното законодавство за животна средина. | МЖСПП | 2021-2022 | Во сите закони од областа на животната средина и природата има одредби поврзани со казни и прекршоци. | Донесени се ИД во целокупното законодавство за ЖС со кои се зголемени износите за казни и прекршоци и заостренi се и другите видови санкции. |
| 4.3.4.4 Јакнење на капацитетот на Комисијата за прекршоци во МЖСПП и на судиите во основните судови кои се надлежни да решаваат предмети од областа на животната средина | МЖСПП и основни судови | 2021-2023 | Не се испорачани обуки до овој момент | Испорачани се обуки за Комисијата за прекршоци и за судии во основните судови. |
| **Мерка 4.3.5: Воспоставување и водење на зелена даночна, урбанистичка, сообраќајна и транспортна политика на државно и локално ниво** | | | | |
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| 4.3.5.1 Интегрирање на заштитата на животната средина во другите секторски политики на национално ниво (земјоделство, транспорт, енергетика, индустриска политика итн.) цо сел да се создадат предуслови за усогласување на локалните развојни стратегии и планови за заштита на животната средина. | МЖСПП и Национален Совет за одржлив развој | 2021-2023 | Не се води сеопфатен процес за интегрирање на заштитата на ЖС во другите секторски политики. | Заштитата на ЖС и природата е доследно интегрирана во целите, приоритетите и мерките на другите секторски политики на национално ниво. |
| 4.3.5.2 Создавање и спроведување на интегрална политика на субвенции и фискални стимулации за намалување на употребата на хемикалии и вештачки ѓубрива или воведување посебен данок или други давачки за дестимулирање на нивната употреба, соодветни ценовни политики и инструменти со цел да се промовира еколошки подобар транспорт и слични фискални мерки. | МФ во соработка со МЗШВ, МТВ и МЖСПП | 2021-2023 | Недостаток на стимулативни мерки и соодветни ценовни политики и инструменти. | Се спроведува интегрална политика на субвенции и фискални стимулации за намалување на штетните влијанија врз ЖС и природата во секторите земјоделие и транспорт. |
| 4.3.5.3 Воспоставување и водење на зелена даночна политика на ниво на држава и во ЕЛС за стимулирање на еколошки одговорно однесување на даночните обврзници. | МФ со соработка со МЕ, МЖСПП и ЕЛС | 2021-2023 | Не се спроведува интегрална зелена даночна политика. | Воспоставена е и се спроведува интегрална зелена даночна политика на национално и локално ниво. |
| 4.3.5.4 Воведување зони со ниска емисија, локални политики на паркирање во загадени зони, поинтензивно зазеленување на населените места и воспоставување зелени зони, коридори и бариери околу индустриските капацитети и фреквентни сообраќајници. | ЕЛС | 2021-2023 | Податоци за постоечката состојба ќе се обезбедат со првата наредна анкета во ЕЛС. | Мерките се применуваат во минимум 20% до ЕЛС. |

| **Мерка 4.3.6: Поефикасна координација на сите чинители и институционална интеграција а со цел да се надмине фрагментираноста на надлежностите од областа на управувањето со водите** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Носител (и)** | **Временска рамка** | **Индикатор на постоечка состојба** | **Индикатор на очекуван резултат** |
| Наслов на Програмата:20 Агенција за странски инвестиции и 21 Економски маркетинг<br>Носител на програмата:АСИПИРСМ<br>Алокација на средства за 2021:46.500.000<br>Поврзани мерки: 2.1.1, 2.1.2 и 2.1.6<br><br>Наслов на Програмата:2 Промоција и поддршка на туризмот<br>Носител на програмата:**АППТ**<br>Алокација на средства за 2021:46.500.000<br>Поврзани мерки: 2.1.1, 2.1.5 и 2.1.6<br><br>Наслов на Програмата:**Д Економски развој**./Д6 Поддршка на инвестициони вложувања<br>Носител на програмата:**ДТИРЗ**<br>Алокација на средства за 2021:529.650.000<br>Поврзани мерки: 2.1.3 и 2.1.6<br><br>Наслов на Програмата:13 Фонд за иновации и технолошки развој<br>Носител на програмата:**Влада на** Република Северна Македонија<br>Алокација на средства за 2021: 703.000.000<br>Поврзани мерки: 2.1.5<br><br>Наслов на Програмата: 3 **Земјоделство и рурален развој** / 34 Рурален развој<br>Носител на програмата:**МЗШВ**<br>Алокација на средства за 2021:18.236.000<br>Поврзани мерки: 2.1.4 и 2.1.9<br><br>Наслов на Програмата:2А Финансиска поддршка на рурален развој<br>Носител на програмата:**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој**<br>Алокација на средства за 2021:790.000.000<br>Поврзани мерки: 2.1.4 и 2.1.9<br>Поврзани мерки: 2.1.5<br><br>Наслов на Програмата:МД Рурален развој<br>Носител на програмата:Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој<br>Алокација на средства за 2021:200.000.000<br>Поврзани мерки: 2.1.4 и 2.1.9<br>Задолжување (согласно со ПЕР 2020-2022 и Фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2021-2023) во денари:<br>Наслов на програмата: 13 Фонд за иновации и технолошки развој<br>Носител на програмата:Влада на Република Северна Македонија<br>Извор на кредитирање: Светска банка<br>Износ на кредит:191.500.000<br>Поврзани мерки: 2.1.5 | |

<table>
<tr><th colspan="2">Приоритет 2.2: Развој на локални политики за намалување на невработеноста и спроведување на комплементарни мерки од страна на единиците на локалната самоуправа</th></tr>
<tr><td colspan="2">2.2.1 Засилено вклучување на општините во процесите поврзани со унапредување на пазарот на труд, како и подобрување на координацијата со централната власт по однос на дизајнирањето на што е можно поцелисходни мерки за намалување на невработеноста со фокус на најранливите групи од населението, вклучувајќи ги младите и жените;<br><br>2.2.2 Подготовка на евиденции за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општините и мапирање на потребите од вработување (структура на вработени и невработени, можности за обука, понудата и побарувачката и други прашања кои се битни за правење на анализи на потребите од знаења и вештини);<br><br>2.2.3 Искористување на постоечките капацитети на стручните установи за обезбедување образование на возрасни, вклучувајќи воспоставување на соодветни облици на меѓуопштинска соработка.</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија (релевантни програми) и задолжување</td><td>Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти)</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија (денари):<br>Наслов на Програмата:Б Мерки за намалување на сиромаштијата /<br>БА Поттикнување на вработувањето<br>Носител на програмата: МТСП<br>Алокација на средства за 2021: 538.000.000<br>Поврзани мерки:2.2.1<br><br>Наслов на Програмата: К Реформа на јавната администрација /<br>К2 Стручно оспособување и усовршување<br>Носител на програмата: МТСП<br>Алокација на средства за 2021: 800.000<br>Поврзани мерки: 2.2.2<br><br>Наслов на Програмата: 33 ЈУ Центар за образование на возрасните<br>Носител на програмата: МОН<br>Алокација на средства за 2021:26.190.000<br>Поврзани мерки:2.2.3</td><td>Буџет на општините(денари):<br><br>Наслов на програмата: Г- Локален економски развој<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година: 482.933.114<br>Поврзани мерки: 2.1.1 и 2.1.2<br><br>Тековни проекти:<br><br>Наслов:Активација на ранливите групи на пазарот на труд (IPA)<br>Корисник (и):АВРСМ/МТСП<br>Времетраење: 2019-2022<br>Буџет на проектот: 3.34 мил EUR<br>Поврзани мерки: 2.2.1<br><br>Наслов:Создавање на можности за врабтоување на сите, UNDP со финансиска поддршка на SDC<br>Корисник (и):МТСП, АВРСМ, Локални центри за вработување, ЦСР и ЕЛС<br>Времетраење: до крај на октомври, 2022<br>Буџет на проектот: 2.93 мил. USD<br>Поврзани мерки: 2.2.1 и 2.2.2</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Компонента 3: КВАЛИТЕТНИ ЛОКАЛНИ УСЛУГИ СО ЦЕЛОСЕН ОПФАТ НА НАСЕЛЕНИЕТО</td></tr>
<tr><td colspan="2">Приоритет 3.1: Ставање на основното и средно образование во функција на забрзан социо-економски развој на единиците на локалната самоуправа</td></tr>
<tr><td colspan="2">3.1.1 Оптимизација на мрежите на училишта за основно и средно образование;<br><br>3.1.2 Унапредување на системот за финансирање на основното и средно образование и обезбедување доволно финансиски средства за непречено одвивање и повисок воедначен квалитет на наставата како и целосен опфат на ученици во основните и средни училишта:<br><br>3.1.3 Дизајнирање и спроведување на повеќегодишна програма за зголемување на бројот на училишта со етнички интегрирани ученици и соодветни мерки за надминување на бариерите за интеграција;<br><br>3.1.4 Целосно интегрирање на децата од заедницата на ромите во образовниот процес;<br><br>3.1.5 Целосна инклузија на децата со попреченост во образовниот процес и прилагодување на физичкиот простор и наставните помагала кон нивните потреби;<br><br>3.1.6 Формирање на одделенија за образование во рамките на поголемите единици на локалната самоуправа и воспоставување облици на меѓуопштинска соработка, со цел да се помогне на помалите единици на локалната самоуправа да постигнат поусогласен квалитет на образовните услуги и подобро да се поврзат со пазарот на труд.</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија (релевантни програми) и задолжување</td><td>Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти)</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија (денари):<br>Наслов на Програма:26 Инклузивно образование<br>Носител на програмата:МОН<br>Алокација на средства за 2021: 58.000.000<br>Поврзани мерки: 3.1.4 и 3.1.5<br><br>Наслов на Програмата: 13 Интегрирано образование<br>Носител на програмата: МОН<br>Алокација на средства за 2021: 2.750.000<br>Поврзани мерки: 3.1.3<br><br>Наслов на Програмата: 11 Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата заромите<br>Носител на програмата: МОН<br>Алокација на средства за 2021: 11.035.000<br>Поврзани мерки: 3.1.4<br><br>Наслов на Програмата:32 Проект за поддршка на средното образование на ромите<br>Носител на програмата: МОН<br>Алокација на средства за 2021:11.137.000<br>Поврзани мерки: 3.1.4<br><br>Наслов на Програмата: А Децентрализација/А2 Пренесување на надлежности на ЕЛС (блок дотации)<br>Носител на програмата:МОН<br>Алокација на средства за 2021:16.250.000.000<br>Поврзани мерки:3.1.2</td><td>Буџет на општините (денари)::<br><br>Наслов на програмата: Н Образование / Н1 Основно образование / Н2 Средно образование<br><br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година:Блок и наменска дотација од МОН 14.456.663.000 и 1.018.181.900 од сопствени средства на ЕЛС<br><br>Поврзани мерки: 3.1.1 – 3.1.6<br><br>Тековни проекти:<br><br>Наслов: Меѓуетничка интеграција на младите во образованието(USAID)<br><br>Корисник (и): Основни и средни училишта<br><br>Времетраење: 2017- 2022<br><br>Буџет на проектот: 5.8 мил USD<br><br>Поврзани мерки: 3.1.3</td></tr>
</table>

| Буџет на Република Северна Македонија **(релевантни програми) и задолжување** | Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти) |
|---|---|
| Наслов на Програмата:**Т Инвестиции во образованието** / ТА Изградба на основни училишта<br>Носител на програмата:МОН<br>Алокација на средства за 2021: 274.080.000<br>Поврзани мерки: 3.1.2<br><br>Наслов на Програмата: **Т Инвестиции во образованието** / ТБ Реконструкција на основни училишта<br>Носител на програмата:МОН<br>Алокација на средства за 2021: 54.000.000<br>Поврзани мерки: 3.1.2<br><br>Наслов на Програмата:**Т Инвестиции во образованието** / ТГ Изградба на средни училишта<br>Носител на програмата:МОН<br>Алокација на средства за 2021: 19.700.000<br>Поврзани мерки:3.1.2<br><br>Наслов на Програмата: **Т Инвестиции во образованието** / ТД Реконструкција на средни училишта<br>Носител на програмата:МОН<br>Алокација на средства за 2021: 20.000.000<br>Поврзани мерки:3.1.2<br><br>Задолжување (согласно со ПЕР 2020-2022 и Фискалната стратегија на Република Северна Македонија **2021-2023) во денари:**<br>Наслов на Програмата 27 Проект за унапредување на услугите во основното образование<br>Носител на програма:МОН<br>Извор на кредитирање:Светска Банка<br>Износ на кредит: 37.380.000<br>Поврзани мерки:3.1.1 | |

<table>
<tr><th colspan="2">Приоритет 3.2: Унапредување на локалните услуги поврзани со социјалната заштита и заштитата на децата од страна на единиците на локалната самоуправа</th></tr>
<tr><td colspan="2">3.2.1 Активно учество на општините во процесот на деинституционализација;<br>3.2.2 Востановување на општинските и регионалните совети за социјална заштита во сите единици на локалната самоуправа и подготовка на социјалните планови врз основа на сеопфатно мапирање на ранливите групи и нивните потреби;<br>3.2.3 Постепено инволвирање на општините во управувањето со центрите за социјална работа и дневните центри за испорака на различни видови социјални услуги а со цел да се обезбеди висок степен на комплементарност на вложувањата во социјалната заштита на двете нивои на власт но и да се овозможи отворање канцеларија на центрите за социјална работа во секоја општина;<br>3.2.4 Унапредено финансирање на социјалната заштита и заштитата на децата;<br>3.2.5 Планирање на заедничка програма со централната власт и регулаторните тела за субвенционирање на сметките на корисниците на комуналните услуги кои припаѓаат на ранливите групи и користат социјална помош и услуги;<br>3.2.6 Постепен премин кон функционална децентрализација во оваа област на начин што ќе се обезбеди финансиска поддршка за општини во кои нема пренесени детски градинки и други установи за социјална заштита, овозможувајќи и алтернативни начини за згрижување деца особено во руралните општини;<br>3.2.7 Стимулирање на меѓуопштинската соработка и подготовка и спроведување на програми за развој на капацитети и стручно оспособување на вработените во општините;<br>3.2.8 Интегрирање на услугите поврзани со социјалното домување во областа на социјалната заштита како локална надлежност и обезбедување стабилно финансирање во комбинација со наменски трансфери на средства од Централниот буџет;<br>3.2.9 Усвојување на пристап „од долу нагоре" за креирање на локалните услуги заедно со крајните корисници и развој на нови социјални услуги за поддршка на лицата со попреченост;<br>3.2.10 Засилено спроведување на Стратегијата за ромите и поврзаните акциски планови во сите тематски области, формирање на координативни тела во општините и обезбедување зајакната координација со националното координативно тело;<br>3.2.11 Воспоставување систематска соработка помеѓу центрите за социјална работа, општините, центрите за вработување, здруженијата на граѓани, училиштата, полициските станици и други организации за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал а особено превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција;<br>3.2.12 Проширување на мрежата на засолништа за жртви на родово засновано насилство;<br>3.2.13 Целосно спроведување на новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите со фокус на мерки и активности за унапредување на родовата еднаквост во сите хоризонтални програми на општините, јакнење на улогата на општинските координатори за еднакви можности и на структурните врски помеѓу Комисиите за еднакви можности и советите на општините и локализирање на Индексот на родова еднаквост.</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија (релевантни програми) и задолжување</td><td>Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти)</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија (денари):<br>Наслов на Програмата:41 Дневни центри и прифатилишта за вонинституционалнасоцијална заштита<br>Носител на програмата: МТСП<br>Алокација на средства за 2021:87.776.000<br>Поврзани мерки:3.2.1, 3.2.3 и 3.2.12<br><br>Наслов на програмата: 42 Установи за институционална социјална заштита<br>Носител на програмата:МТСП<br>Алокација на средства за 2021: 252.418.000<br>Поврзани мерки:3.2.3, 3.2.4 и 3.2.12<br><br>Наслов на Програмата:43 Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата за ромите<br>Носител на програмата: МТСП<br>Алокација на средства за 2021: 8.330.000<br>Поврзани мерки: 3.2.10</td><td>Буџет на општините (денари):<br>Наслов на програмата: В - Социјална заштита и заштита на деца<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година:Блок дотација од МТСП 1.842.235.000 и 777.468.882од сопствени средствана ЕЛС<br>Поврзани мерки: 3.2.4,3.2.8<br><br>Наслов на програмата: Х - Родова еднаквост<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година: 1.172.205<br>Поврзани мерки: 3.2.13</td></tr>
</table>

| Буџет на Република Северна Македонија **(релевантни програми) и задолжување** | Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти) |
|---|---|
| Наслов на Програмата: 11 Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата заромите<br>Носител на програмата:МТВ<br>Алокација на средства за 2021: 20.000.000<br>Поврзани мерки: 3.2.10<br><br>Наслов на Програмата:46 Деинституционализација и социјални услуги<br>Носител на програмата: МТСП<br>Алокација на средства за 2021: 246.235.000<br>Поврзани мерки: 3.2.1, 3.2.2, 3.2.6, 3.2.7<br><br>Наслов на Програмата:**А Децентрализација** / А2 Пренесување на надлежности на ЕЛС<br>Носител на програмата:МТСП<br>Алокација на средства за 2021: 2.075.000.000 (блок дотации)<br>Поврзани мерки:3.2.4<br><br>Наслов на Програмата: 30 Установи за детска заштита<br>Носител на програмата:МТСП<br>Алокација на средства за 2021: 5.583.000<br>Поврзани мерки:3.2.6<br><br>Наслов на Програмата: 3А Изградба, опремување и одржување на објекти за детсказаштита<br>Носител на програмата:МТСП<br>Алокација на средства за 2021: 67.650<br>Поврзани мерки:3.2.4<br>Наслов на програмата: 4**АИзградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица**<br>Носител на програмата:МТСП<br>Алокација на средства за 2021:31.100.000<br>Поврзани мерки: 3.2.4<br><br>Наслов на програмата: 80 **Родова еднаквост и недискриминација**<br>Носител на програмата:МТСП<br>Алокација на средства за 2021: 1.750.000<br>Поврзани мерки:3.1.13<br>Задолжување (согласно со ПЕР 2020-2022 и Фискалната стратегија на Република Северна Македонија **2021-2023) во денари:**<br><br>Наслов:Проект за подобрување на социјалните услуги финансиран (Светскабанка)<br>Корисник (и): МТСП/ЦСР/ЕЛС<br>Времетраење: 2019-2024<br>Буџет на проектот: 33.4 мил. USD<br>Поврзани мерки: 3.2.1 – 3.2.13 | |

<table>
<tr><th colspan="2">Приоритет 3.3: Развој на единиците на локалната самоуправа преку културата</th></tr>
<tr><td colspan="2">3.3.1 Функционална децентрализација и деметрополизација на културата;<br><br>3.3.2 Постепен трансфер на дел од установи од националната мрежа со фокус на центрите за култура;<br><br>3.3.3 Подготовка и спроведување на програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници како и програми за поддршка на активности за младите, жените и ранливите групи од населението;<br><br>3.3.4 Јакнење на кадровските, инфраструктурни, технички и програмски капацитети на сите локални чинители покрај мрежата на локални установи во областа на културата за осмислување локални културни политики и среднорочни и долгорочни стратегиски планови за локален културен развој;<br><br>3.3.5 Воспоставување на партнерства со вон-институционалниот сектор со цел да се искористи целокупниот потенцијал на културата за забрзан развој на локалните културни и креативни индустрии како темел на развојот на туризмот, занаетчиството и други поврзани економски гранки;<br><br>3.3.6 Обезбедување систематска поддршка за постепено основање на Младински културни центри како мултимедијални центри во градовите.</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија (релевантни програми) и задолжување</td><td>Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти)</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија (денари):<br>Наслов на Програмата:20 Библиотекарство<br>Носител на програмата:МК<br>Алокација на средства за 2021:146.945.000<br>Поврзани мерки:3.3.1, 3.3.2 и 3.3.4<br><br>Наслов на Програмата:40 Музичка и сценско-уметничка дејност<br>Носител на програмата:МК<br>Алокација на средства за 2021: 523.045.000<br>Поврзани мерки: 3.3.1, 3.3.2 и 3.3.4<br><br>Наслов на Програмата:5 Заштита на културното наследство<br>Носител на програмата:МК<br>Алокација на средства за 2021:365.155.000<br>Поврзани мерки:3.3.5<br>Наслов на Програмата:А Децентрализација /А2 Пренесување на надлежности на ЕЛС<br>Носител на програмата:МК<br>Алокација на средства за 2021:352.330.000 (блок дотации)<br>Поврзани мерки: 3.3.1, 3.3.2 и 3.3.6</td><td>Буџет на општините (денари):<br>Наслов на програмата: К - Култура<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година:Блок дотација од МК 277.001.000 и 486.667.481 од сопствени средства на ЕЛС<br>Поврзани мерки:3.3.1<br><br>Тековни проекти:<br><br>Наслов:МА Помош при транзиција и институционална надградба<br>Министерството за култура е носител на две Програми - Култура и Медиуми кои имаат за цел развој на културната соработка во Европа прекупромовирање на транснационалната мобилност на сите кои работат во секторот култура, охрабрување на транснационалната<br>распространетост на уметнички дела и културни производиво рамки и надвор од ЕУ. Средствата-планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.<br><br>Корисник (и):МК<br>Времетраење:2019-2023<br>Буџет на проектот: 23.000.000 денари<br>Поврзани мерки: 3.3.5</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Приоритет 3.4: Унапредување на спортот и рекреацијата во единиците на локалната самоуправа</td></tr>
<tr><td colspan="2">3.4.1 Ревитализација на постоечката и создавање нова, квалитетна и енергетски ефикасна инфраструктура за спорт и рекреација во сопственост на единиците на локалната самоуправа „отворена за сите“, со цел да се развива спортот и спортската култура, спортскиот туризам и спортските индустрии;<br><br>3.4.2 Создавање засебна база на податоци (со родово разделени податоци) за пренесената инфраструктура во сопственост на општините, инфраструктурата која е планирано да се пренесе на општините, бројот на спортски клубови потпомогнати од општините и да се овозможи повисок степен на родова еднаквост во спортот;<br><br>3.4.3 Забрзување на трансферот на спортските објекти со кои управува државата заедно со вработените лица на општините преку претходно и целосно разрешување на имотно-правните односи;<br><br>3.4.4 Воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за заедничко управување со спортските објекти и поголеми и позначајни рекреативни зони од микро-регионално или регионално значење;<br><br>3.4.5 Соработка на општините со АСМ и МОН за формирање на училишни спортски екипи и лиги како појдовна точка за институционално градење на масовниот спорт во општините..</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија (релевантни програми) и задолжување</td><td>Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти)</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија (денари):<br>Наслов на Програмата:Т Инвестиции во образованието / ТВ Изградба на училишни спортски сали во основни училишта<br>Носител на програмата:МОН<br>Алокација на средства за 2021: 124.602.000<br>Поврзани мерки:3.4.1<br><br>Наслов на Програмата: Т Инвестиции во образованиетоТЕ Изградба на училишни спортски сали во средни училишта<br>Носител на програмата:МОН<br>Алокација на средства за 2021: 5.626.000<br>Поврзани мерки: 3.4.1<br><br>Задолжување (согласно со ПЕР 2020-2022 и Фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2021-2023) во денари:<br><br>Наслов на Програмата:Т Инвестиции во образованието / ТВ Изградба на училишни спортски сали во основни училишта<br>Носител на програма:МОН<br>Извор на кредитирање:ЦЕБ<br>Износ на кредит: 227.000.000<br>Поврзани мерки:3.4.1<br><br>Наслов на Програмата:Т Инвестиции во образованието / ТЕ Изградба на училишни спортски сали во средни училишта<br>Носител на програма:МОН<br>Извор на кредитирање:ЦЕБ<br>Износ на кредит:12.000.000<br>Поврзани мерки:3.4.1</td><td>Буџет на општините (денари):<br><br>Наслов на програмата: Л - Спорт и рекреација<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година: 335.385.231<br>Поврзани мерки:3.4.1</td></tr>
</table>

| Компонента 4: ЗГОЛЕМЕНА ОТПОРНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА | |
|---|---|
| **Приоритет 4.1:Унапредени стандарди на урбанистичко планирање и градење во функција на забрзан социо-економски развој, заштита на животната средина и климата** | |
| 4.1.1 Унапредување на стандардите за урбанистичко планирање со цел да се одговори на здравствените, социо-економските и еколошките влијанијата на кризата предизвикана од Ковид 19 како и понагласените предизвици поврзани со аерозагадувањето и климатските промени и намалувањето на ризикот од катастрофи:<br><br>4.1.2 Преиспитување на сообраќајните решенија со цел создавање на сообраќајни услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (издвоени брзи ленти и сл.) и други превозни средства кои не предизвикуваат аерозагадување;<br><br>4.1.3 Воведување современи стандарди за урбана и социо-економска регенерација на деградирани делови од подрачјата во градовите и селата, заштита на урбаното зеленило и подрачјата за рекреација, како и на културното наследство;<br><br>4.1.4 Унапредување на сите партиципативни аспекти на процесот на урбанистичко планирање и понатамошна дигитализација на процесите и процедурите;<br><br>4.1.5 Премин кон урбанистичко планирање кое е родово сензитивно и сензитивно на потребите на најранливите категории од населението;<br><br>4.1 6 Јакнење на капацитетите на локалната администрација за управување со просторни и нумерички податоци и прогнозирање на просторните и социо-економските трендови | |
| Буџет на Република Северна Македонија **(релевантни програми) и задолжување** | Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти) |
| **Буџет на Република Северна Македонија (денари):**<br>Наслов на Програмата: 30 Урбанизам и градежништво<br>Носител на програмата:МТВ<br>Алокација на средства за 2021: 384.000.000<br>Поврзани мерки:4.1.1 – 4.1.6 | **Буџет на општините (денари):**<br>Наслов на програмата:Ф- Урбано планирање<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година:792.475.845<br>Поврзани мерки:4.1.1 - 4.1.6 |
| **Приоритет 4.2: Унапреден квалитет и зголемен опфат на население со комунални услуги** | |
| 4.2.1 Подготовка на 4 - 8 или повеќегодишни инвестициски планови со специфични проектни пакети и техничка и финансиска документација (Investment pipeline), засновани на студии на економска оправданост кои е пожелно да се подготвуваат во соработка со донаторите и меѓународните финансиски организации;<br><br>4.2.2 Систематско и постепено водење на процес на окрупнување на давателите на водни услуги и управителите со отпад преку регионализација и воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија;<br><br>4.2.3 Воспоставување на економска регулација на тарифи и цени на комунални услуги кои го одразуваат реалниот целосен циклус на оправдани трошоци како и систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП, имајќи ги во предвид субјектите и процедурите кои се утврдени со закон;<br><br>4.2.4 Општинските ЈКП значително да ги подобрат сопствените информациски и управувачки практики и системи;<br><br>4.2.5 Обезбедување консензус кај локалните чинители за сите локации за регионални депонии и целосно воспоставување на инфраструктура за управување со отпад на ниво на плански региони вклучувајќи затворање и ремедијација на дивите депонии и унапредување на примарната селекција на изворот на создавање на отпадот преку поврзани стимулации;<br><br>4.2.6 Континуирано спроведување мерки за јакнење на јавната свест низ соработка со здруженија на граѓани;<br><br>4.2.7 Реорганизирање на комунално-редарската служба во единиците на локалната самоуправа. | |

| Буџет на Република Северна Македонија **(релевантни програми) и задолжување** | Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти) |
|---|---|
| Буџет на Република Северна Македонија **(денари):**<br>Наслов на Програмата:20 Сообраќај и комуникации<br>Носител на програмата:МТВ<br>Алокација на средства за 2021: 124.900.000<br>Поврзани мерки:4.2.1<br><br>Наслов на Програмата: 3Б Водовод и канализација за општините<br>Носител на програмата:МТВ<br>Алокација на средства за 2021: 7.000.000<br>Поврзани мерки:4.2.1<br><br>Наслов на Програмата: 3Г Проект за водоснабдување и одведување на отпадни води<br>Носител на програмата:МТВ<br>Алокација на средства за 2021: 68.209.000<br>Поврзани мерки: 4.2.1<br><br>Наслов на Програмата:3УВодовод и канализација - Визбегово<br>Носител на програмата:МТВ<br>Алокација на средства за 2021:112.500.000<br>Поврзани мерки:4.2.1<br><br>Наслов на Програмата:26 Управување со отпад<br>Носител на програмата:МЖСПП<br>Алокација на средства за 2021:33.716.000<br>Поврзани мерки:4.2.1 – 4.2.6<br><br>Задолжување (согласно со ПЕР 2020-2022 и Фискалната стратегија на Република Северна Македонија **2021-2023)** во денари**:**<br>Наслов на Програмата: 20 Сообраќај и комуникации<br>Носител на програмата:МТВ<br>Износ на кредит: 33.000.000<br>Поврзани мерки: 4.2.1<br><br>Наслов на Програмата: 3Б Водовод и канализација за општините<br>Носител на програмата:МТВ<br>Износ на кредит:10.000.000<br>Поврзани мерки: 4.2.1<br>Наслов на Програмата: 3Г Проект за водоснабдување и одведување на отпадни води<br>Носител на програмата:МТВ<br>Износ на кредит:370.000.000<br>Поврзани мерки: 4.2.1<br>Наслов на Програмата:2А Проект за подобрување на општинските услуги<br>Носител на програмата: МФ<br>Извор на кредитирање:Светска банка<br>Износ на кредит: 831.500.000<br>Поврзани мерки:4.2.1 | Буџет на општините (денари)**:**<br>Наслов на програмата: J- Комунални дејности<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година: 6.391.037.592<br>Поврзани мерки: 4.2.1 - 4.2.7 |

| Приоритет **4.3: Локализирање на климатската акција и подобрена заштита на животната средина и природата** |
|---|
| 4.3.1 Унапредување на нормативната рамка и националните политики од областа на животната средина и климатските промени, доуредување на надлежностите на општините во насока на поголема автономија во нивното извршување и јакнење на со закон утврдените механизми за финансирање на пренесените надлежности на општините;<br><br>4.3.2 Сеопфатно јакнење на капацитетите на локалните институционални чинители искористувајќи ги притоа законските можности за воспоставување на заедничка администрација на општините кои немаат доволно човечки ресурси;<br><br>4.3.3 Продлабочена координација и соработка на државата со единиците на локалната самоуправа, оформување на соодветна и комплексна инвестициска програма за намалување на аерозагадувањето проследена и со низа институционални мерки кои треба да вклучат унапредување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух, засилен инспекциски надзор, подготовка на локални планови за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух а со тоа и локализирање на активностите односно прилагодување на сите мерки и активности на локалниот контекст;<br><br>4.3.4 Заострување на прекршочната и казнена политика;<br><br>4.3.5 Воспоставување и водење на зелена даночна, урбанистичка, сообраќајна и транспортна политика на државно и локално ниво;<br><br>4.3.6 Поефикасна координација на сите чинители и институционална интеграција а со цел да се надмине фрагментираноста на надлежностите од областа на управувањето со водите;<br><br>4.3.7 Решавање на наследените индустриски загадувања и ревитализација на деградираните простори во општините;<br><br>4.3.8 Унапредување на управувањето со заштитените подрачја и преку воспоставување облици на меѓуопштинска соработка;<br><br>4.3.9 Развој и спроведување на општински програми за енергетска ефикасност искористувајќи ги можностите за воспоставување на соодветни облици на меѓуопштинска соработка;<br><br>4.3.10 Систематски и посилни вложувања во енергетската ефикасност;<br><br>4.3,11 Воспоставување на ефективни механизми за учество на јавноста, пристап до информации, пристап до правда за еколошки прашања и известување за животната средина и зајакнување на административниот капацитет на надлежните органи одговорни за оцена на животната средина за стратешки планови, програми и проекти;<br><br>4.3.12 Доследна и континуирана оперативна поддршка од страна на единиците на локалната самоуправа за сите партиципативни тела во општините преку овозможување соодветни просторни и технички услови вклучувајќи поддршка на иницијативите на граѓаните како и на механизмот на локално референдумско изјаснување;<br><br>4.3.11Спроведување кампањи за јакнење на јавната свест кои треба да се реализираат низ директна соработка со здруженијата на граѓани а со цел да се јакне транспарентноста и отчетноста на институционалните чинители вклучувајќи ги општините и ЈКП и следствено да се зголемува довербата кај граѓаните;<br><br>4.3.12 Подигање на јавната свест кај граѓаните за проблемите поврзани со климатските промени со цел да се зголеми адаптивниот капацитет на локалното население и локалното стопанство, а особено во секторите земјоделството и сточарство, биолошката разновидност, шумарство, здравство, туризам, културно наследство, водни ресурси и социо-економски развој;<br><br>4.3.13Овозможување ефикасна климатска акција преку локализирање на одговорот на климатските промени со фокус на најранливите категории од населението кои се и најизложени на штетните ефекти на климатските промени. |

| Буџет на Република Северна Македонија **(релевантни програми) и задолжување** | Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти) |
|---|---|
| **Буџет на Република Северна Македонија (денари):**<br>Наслов на Програмата: С4 Програма за намалување на аерозагадувањето<br>Носител на програмата:Влада на Република Северна Македонија<br>Алокација на средства за 2021: 80.000.000<br>Поврзани мерки:4.3.3<br><br>Наслов на Програмата: 24**Квалитет на воздух**<br>Носител на програмата:МЖСПП<br>Алокација на средства за 2021: 79.430.000<br>Поврзани мерки:4.3.3<br><br>Наслов на Програмата: 3 Развој на енергетиката / 31 Агенција за енергетика / 32 Развој на енергетика и 3Д Гасификација<br>Носител на програмата:МЕ<br>Алокација на средства за 2021: 243.580.000<br>Поврзани мерки:4.3.9, 4.3.10 и 4.3.15<br><br>Наслов на Програмата:3**Д Гасификација**<br>Носител на програмата:МТВ<br>Алокација на средства за 2021: 2.650.000<br>Поврзани мерки: 4.3.9, 4.3.10 и 4.3.15<br><br>Наслов на Програмата: 19 Инспекторати<br>Носител на програмата: ДИЖС<br>Алокација на средства за 2021:29.475.000<br>Поврзани мерки:4.3.4<br><br>Наслов на Програмата:19 Инспекторати<br>Носител на програмата:ДСЗИ<br>Алокација на средства за 2021: 62.528.000<br>Поврзани мерки:4.3.1, 4.3.4<br><br>Задолжување (согласно со ПЕР 2020-2022 и Фискалната стратегија на Република Северна Македонија **2021-2023) во денари:**<br>Наслов на Програмата:3**Д Гасификација**<br>Носител на програмата:МТВ<br>Износ на кредит:747.000.000<br>Поврзани мерки: 4.1.3, 4.1.4<br><br>Наслов:Енергетска ефикасност во јавниот сектор – Светска Банка<br>Времетраење: 2020 - 2025<br>Буџет на проектот: 27.4 мил. USD<br>Поврзани мерки: 4.3.10 | Буџет на општините (денари) **:**<br>Наслов на програмата: Р - Заштита на животна средина и природа<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година:<br>196.474.332<br>Поврзани мерки:4.3.2, 4.3.5,4.3.7, 4.3.8, 4.3.9,4.3.12, 4.3.13<br><br>Тековни проекти:<br>Наслов:Водоснабдување и третман на отпадни води во Делчево, финансиски поддржан од Швајцарската конфедерација/SECO<br>Корисник (и):општина Делчево<br>Времетраење: 2018-2022<br>Буџет на проектот: 7.304.000 CHF (6.050.000 CHF од Швајцарската конфедерација преку SECO, 1.224.000 CHF од Владата на Република Северна Македонијаи 30.000 CHF општина Делчево)<br><br>Поврзани мерки:<br><br>Наслов: Субвенционирање на вградување на инвертор клима системи за загревање на домаќинствата во Град Скопје, Битола, Тетово и Кичево како супституција на огревното дрво - АД Електрани на Северна Македонија<br>Корисник (и): Домаќинства во 4 ЕЛС<br>Времетраење: 2020-2022<br>Буџет на проектот: 615,000,000 денари<br>Поврзани мерки: 4.3.3<br><br>Наслов: Зајакнување на институционалните и технички капацитети за подобрување на транспарентноста за климатски промени во рамките на Договорот од Париз (UNDP)<br>Корисник (и): МЖСПП<br>Времетраење: до април 2022<br>Буџет на проектот: 1.32 мил. USD<br>Поврзани мерки: 4.3.15<br><br>Наслов: Четврт национален план и Трет двогодишен извештај за климатски промени (UNDP)<br>Корисник (и):МЖСПП<br>Времетраење: до август 2022<br>Буџет на проектот: 0.85 мил. USD<br>Поврзани мерки: 4.3.1 |

Приоритет **4.4: Подобрена заштита на населението од кризи и катастрофи**

4.4.1 Создавање нормативна рамка и воспоставување ефикасен и функционален систем за превенција, рано предупредување, подготвеност, опоравок и одговор на несреќи и катастрофи, вклучувајќи ги и општините со јасно дефинирани надлежности и одговорности;

4.4.2 Редовно ажурирање на процените на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и на безбедноста од сите видови на ризици и опасности на единиците на локална самоуправа како основни документи и алатки за вклучувањето на намалувањето на ризиците од несреќи и катастрофи во стратешките и програмските документи и планови на локално ниво;

4.4.3 Донесување на стратегии за отпорност на градовите преку развој на сеопфатни политики, мерки и активности за трансформација и адаптација;

4.4.4 Подготовка на програма за континуирано градење на капацитетите на општините, соработка со јавниот и приватниот сектор, експертската јавност, како и обезбедување целосна инклузивност и партиципативност во процесите;

4.4.5 Функционално интегрирање на територијалните противпожарни единици во реформиран систем за заштита и спасување и управување со кризи преку усогласување на надлежностите, модернизирање, техничко опремување, кадровско зајакнување и консолидирање на изворите на финансирање;

4.4.6 Воспоставување облици на меѓуопштинската соработка за подготовка и спроведување заеднички практични мерки, активности и обврски на општините вклучувајќи основање на меѓуопштински ТППЕ (доколку е неопходно да се направи и усогласување на законите) и промоција на волонтерството во противпожарната заштита.

| Буџет на Република Северна Македонија **(релевантни програми) и задолжување** | Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти) |
|---|---|
| Буџет на Република Северна Македонија **(денари):**<br>Наслов на Програмата:**А Децентрализација**<br>А2 Пренесување на надлежности на ЕЛС<br>Носител на програмата:МО<br>Алокација на средства за 2021: 400.000.000<br>Поврзани мерки:4.4.1,4.4.4 и 4.4.5<br><br>Наслов на Програмата:20 управување со кризи<br>Носител на програмата:ЦУК<br>Алокација на средства за 2021: 154.812.000<br>Поврзани мерки:4.4.2 и 4.4.4<br><br>Наслов на Програмата: 3А Воспоставување на комуникациско - информативен систем со единствен број на повикување<br>Носител на програмата:ЦУК<br>Алокација на средства за 2021: 15.000.000<br>Поврзани мерки:4.4.1<br><br>Наслов на Програмата:20 Заштита и спасување<br>Носител на програмата:ДЗС<br>Алокација на средства за 2021: 272.887.000<br>Поврзани мерки:4.4.1, 4.4.2 и 4.4.4<br><br>Наслов на Програмата:40 Прогноза и предупредување<br>Носител на програмата:УХМР<br>Алокација на средства за 2021: 19.175.000<br>Поврзани мерки:4.4.1 | Буџет на општините (денари):<br>Наслов на програмата:W - Противпожарна заштита<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година:Блок дотација од МО 331.755.000 и 132.670.339 од сопствени средствана ЕЛС<br>Поврзани мерки: 4.4.5 и 4.4.6<br><br>Наслов на програмата: Q - Заштита и спасување<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година: 891.553<br>Поврзани мерки:4.4.1 – 4.4.4<br><br>Тековни проекти:<br>Наслов: Подобрено спроведување на Директивата на ЕУ за поплави преку усогласување на националното законодавство и подготовка на планови за управување со ризици од поплави (IPA)<br>Корисник (и): МЖСПП, субјекти на СУК и општините<br>Времетраење:2021 - 2024<br>Буџет на проектот: 2.5мил. EUR<br>Поврзани мерки: 4.4.1 и 4.4.4<br><br>Наслов: Подобрување на отпорноста на поплави во Полошкиот регион, UNDP со финансиска поддршка на SDC и SECO<br>Корисник (и): Сите ЕЛС во Полошкиот плански регион<br>Времетраење:2018 - 2023<br>Буџет на проектот: 10.34мил. USD<br>Поврзани мерки: 4.4.1 - 4.4.6 |

| Буџет на Република Северна Македонија **(релевантни програми) и задолжување** | Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти) |
|---|---|
| | Наслов: Интегрирано, климатски отпорно прекугранично управување со поплави во базенот на реката Дрим во Западен Балкан, UNDP *регионален проект<br>Корисник (и): МЖСПП, општини: Охрид, Струга и Дебарца, ЦУК и ДЗС<br>Времетраење:2019 - 2024<br>Буџет на проектот: 2.35мил. USD (алокација за Република Северна Македонија)<br>Поврзани мерки: 4.4.1 - 4.4.6<br><br>Наслов: "Сеопфатна проценка на ризик на основните услуги и транспортната инфраструктура " (IPA)<br>Корисник (и): ЦУК, Маврово и Ростуше, Дебар, Центар Жупа, Струга, Вевчани, Дебарца, Охрид, Ресен, Битола, Новаци, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Валандово, Богданци, Дојран, Струмица и Ново Село<br>Времетраење:2021 - 2023<br>Буџет на проектот: 415,000 EUR<br>Поврзани мерки: 4.4.2 и 4.4.4<br><br>Наслов: „Градење на капацитетите за екосистемски базирано намалување на ризиците од катастрофи преку одрживо управување со шумите во Република Македонија“<br>Корисник (и): ЦУК, ЈП Национални шуми, општините Радовиш, Чашка, Велес, Свети Николе и Град, Скопје<br>Времетраење:2019 - 2023<br>Буџет на проектот: 3.0 М ЕУР<br>Поврзани мерки: 4.4.1. 4.4.2 и 4.4.4<br><br>Наслов:„АДАПТ: Решенија за отпорни општества засновани врз природата за отпорни општества во Западен Балкан“<br>Корисник (и): МЖСПП, ЦУК<br>Времетраење:2020 - 2022<br>Буџет на проектот: 2.4 М ЕУР<br>Поврзани мерки: 4.4.1. и 4.4.4 |

| Приоритет **4.5: Подобрени локални услуги од областа на здравствената заштита** | |
|---|---|
| 4.5.1 Понатамошна децентрализација со цел да се зајакне локалниот одговор на здравствени кризи, подобро да се остварува здравствената заштита особено на најраналивите групи од населението, и да се унапредува јавното здравје на одржлив и систематски начин;<br><br>4.5.2 Овозможување општините да спроведуваат превентивни, оперативни, рестриктивни и други мерки во согласност со локалниот контекст и здравствената состојба на населението;<br><br>4.5.3 Да се овозможи поефикасна соработка, комуникација и координација на хоризонтално ниво во општините, со центрите за јавно здравје но и со релевантните органи на државната управа. | |
| Буџет на Република Северна Македонија **(релевантни програми) и задолжување** | Расходи на ЕЛС (2019) и донации (проекти) |
| **Буџет на Република Северна Македонија :**<br>Наслов на Програмата:1В Амбуланти во рурални подрачја<br>Носител на програмата:МЗ<br>Алокација на средства за 2021:500.000<br>Поврзани мерки:4.5.2, 4.5.3<br><br>Наслов на Програмата: 53 Превентивна здравствена заштита<br>Носител на програмата:МЗ<br>Алокација на средства за 2021:65.000.000<br>Поврзани мерки:4.5.1 - 4.5.3<br><br>Наслов на Програмата: 80 Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата заромите<br>Носител на програмата:МЗ<br>Алокација на средства за 2021:4.020.000<br>Поврзани мерки:4.5.1 | **Буџет на општините (денари):**<br>Наслов на програмата: Т - Унапредување на здравствена заштита<br>Вкупно реализирани средства на сите ЕЛС во 2019 година: 13.795.193<br>Поврзани мерки: 4.5.2 |

# ПРИЛОГ: КРАТЕНКИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **МЛС** | Министерство за локална самоуправа | **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **ЕЛС** | Единици на локална самоуправа | **АСУАС** | Академија за стручно усовршување на административните службеници |
| **ЗЕЛС** | Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија | **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ЗГ** | Здруженија на граѓани | **ЕСПЕО** | Електронски систем за пријавување и евиденција на обврските |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација | **РОБ** | Родово одговорно буџетирање |
| **АЗПСПИ** | Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер | **МЕ** | Министерство за економија |
| **ГС на ВРСМ** | Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија | **АПСИ** | Агенција за привлекување на странски инвестиции и поддршка на извозот |
| **АМС** | Агенција за млади и спорт | **АППРСМ** | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија |
| **МПСОЗ** | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | **ЈПП** | Јавно приватни партнерства |
| **АОПЗ** | Агенција за остварување на правата на заедниците | **ЕСС** | Економско социјален совет |
| **КОМЗ** | Комисија за односи меѓу заедниците | **МЗВШ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика | **АППТ** | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| **КЕМ** | Комисија за еднакви можности | **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **МФ** | Министерство за финансии | **МСП** | Мали и средни претпријатија |
| **МОС** | Меѓуопштинска соработка | **ФИТР** | Фонд за иновации и технолошки развој |
| **ЕШС** | Едношалтерски систем | **МК** | Министерство за култура |
| **УМЗ** | Урбани и месни заедници | **МТВ** | Министерство за транспорт и врски |
| **КПВРСМ** | Кабинет на Премиерот на Владата на Република Северна Македонија | **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **РГ** | Работна група | **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ДП** | Детален план | **АВРСМ** | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| **ДКСК** | Државна Комисија за спречување на корупцијата | **ЦСР** | Центар за социјални работи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ДДВ** | Данок на додадена вредност | **ЦОВЛ** | ЈУ Центар за образование на возрасните |
| **ДЛД** | Даноци на личен доход | **Управа за РУОЈПЗ** | Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |
| **КСРСФ на ЕЛС** | Комисија за следење на развојот на системот на финансирање на единиците на локалната самоуправа | **БРО** | Биро за развој на образованието |
| **НИК** | Национален инвестициски комитет | **ДЦЛП** | Дневен центар за лица со попреченост |
| **РРР** | Рамномерен регионален развој | **ЈКП** | Јавно комунално претпријатие |
| **АДКОМ** | Здружение на даватели на комунални услуги | **РКЕВУ** | Регулаторна Комисија за енергетика и водни услуги |
| **РЕФ** | Ромски едукативен фонд | **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **АКН** | Агенција за катастар на недвижности | **МОУО** | Меѓуопштински одбори за управување со отпад |
| **ДИЖС** | Државен инспекторат за животна средина | **ИЖС** | Инспекторат за животна (средина (ЕЛС |
| **ИД** | Измени и дополнувања | **ЖС** | Животна средина |
| **АП** | Акциски план | **ЕЕ** | Енергетска ефикасност |
| **УХМР** | Управа за хидрометеролошки работи | **АЕ** | Агенција за енергетика |
| **НКНПР** | Национален координатор за имплементација на националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија | **КНП** | Комитет за координација и имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија |
| **МО** | Министерство за одбрана | **ЦУК/ РЦУК** | Центар за управување со кризи/Регионален центар за управување со кризи |
| **ДЗС** | Дирекција за заштита и спасување | **ТППЕ** | Територијални противпожарни единици |
| **МЗ** | Министерство за здравство | **ППЗ** | Противпожарна заштита |
| **ППСМ** | Противпожарен сојуз на Македонија | **ЦЈЗ** | Центар за јавно здравје |
| **АПЈ** | Агенција за примена на јазикот на Република Северна Македонија | | |